# СТРАТЕГИЈА ЗА КУЛТУРЕН РАЗВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН 2013-2016

Децентрализирана соработка меѓу Долна Нормандија и Македонија

...towards common values!

„Оваа публикација беше овозможена од страна на програмата CIVICA Mobilitas, имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Мислењата наведени во оваа публикација се мислења на авторот/ите и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC”.

Центар за ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ - ЦИРа

www.cira.org.mk

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Стратегијата за културен развој на Пелагонискиот регион 2013-2016 се реализира во рамки на работата на оската за културни политики од Програмата за децентрализирана соработка помеѓу регионот Долна Нормандија и Република Македонија. Програмата е финансиски поддржана од страна на Министерството за надворешни работи на Република Франција и е координирана од страна на Асоцијацијата на агенции за локална демократија (АЛДА).

Партнери на оската за културни политики се Локомотива - Центар за нови иницијативи во уметноста и културата (Македонија) и областа на заливот Мон Сен Мишел (Долна Нормандија).

Локален партнер на Локомотива во реализирање на активностите на оската за културни политики е Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион.

Стратегијата се реализира во рамки на годишната програма на Локомотива за 2013г. поддржана од програмата CIVICA Mobilitas, имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC).

Изработката на овој документ е резултат на тригодишната соработка со Пелагонискиот регион, како дел од активностите спроведени во рамки на оската за културни политики од Програмата за децентрализирана соработка помеѓу регионот Долна Нормандија/Франција и Република Македонија. Локомотива како програмски уредник и партнер во оската за културни политики немаше да може успешно да ги спроведе планираните програмски активности насочени кон територијален развој преку културата без поддршката, довербата и отвореноста за соработка од страна на партнерите и соработници во оваа програма.

:::

Регионалниот совет на Долна Нормандија ја искажа довербата преку поддршката дадена на Локомотива за процесите на развој и имплементација на програми и активности поврзани со регионалниот развој преку културата. Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион (ЦРППР) во 2010 година ја прифати понудата на Локомотива за партнерство и соработка, кое резултираше со успешно, континуирано и координирано спроведување на програмите и активностите во Пелагонија. Партнерството и соработката воспоставени со директорката Емилиа Ѓероска и тимот на ЦРППР овозможија континуитет и успешна реализација на предвидените активности и методологијата на работа, без кои изработката на оваа стратегија не би била возможна. Истовремено, ЦРППР како тело одговорно за креирање и спроведување на Програмата за регионален развој на Пелагонискиот регион, овозможи политички легитимитет на активностите кои се спроведуваат во рамки на оската за културни политики, а со тоа и на развојот и понатамошната имплементација на овој стратешки документ.

:::

Значајна беше и поддршката на годишната програма на Локомотива во 2013 година, дадена во рамки на програмата CIVICA Mobilitas, имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC). Оваа поддршка овозможи поквалитетно имплементирање на програмите и активностите, меѓу кои е и оваа стратегија.

:::

Благодарност и до Кристина Кујунџиќ, Маријана Цветковиќ и Иван Додовски, кои водеа дел од работилниците низ кои се реализираше планот за развој на стратегијата. Благодарност и до партнерите и соработници од Долна Нормандија - Одре Полмие, Пјер Шмит и Сандрин Пуле, кои дадоа значаен придонес во овој процес, како и претставниците од институциите од Долна Нормандија.

:::

Тимот на Локомотива влезе во оваа соработка со својата верба дека се можни позитивни системски промени во територијалниот развој и подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните преку примена на демократски модели на креирање и имплементација на јавни политики. Тоа подразбира примена на партиципативниот модел на учество на сите засегнати страни и креирање на јавни политики „одоздола-нагоре“. Партнерите и учесниците во овој процес покажаа дека е можно да се применат овие модели на работа, а преку нив да се иницираат значајни процеси кои ќе придонесат кон подобар и рамномерен регионален развој базиран на стабилна меѓуопштинска, интеринституционална и интерсекторска соработка.

:::

Желбата за продуцирање на позитивни промени и подобрување на условите за развој и соработка беа потврдени од сите учесници од Пелагонискиот регион, чие целокупно учество и ангажман е на волонтерска основа. Без претставниците на деветте општини, јавните културни установи и граѓанскиот сектор, кои во изминатите три години активно и континуирано учествуваа во програмските активности спроведени во рамки на работа на оската за културни политики (работилници, дискусии, истражувања, анализи, работни посети, конференции итн.), овој стратешки документ немаше да биде возможен.

:::

Се надеваме дека овој документ ќе биде една појдовна точка во понатамошното континуирано и системско планирање на културниот развој на регионот. Исто така, се надеваме дека стратегијата ќе им послужи како пример на останатите региони, а истовремено ќе биде сериозно земена предвид и од страна на националните институции, Министерството за локална самоуправа и Министерството за култура, како и од Советот за развој на Пелагонискиот регион, како документ со кој се поддржува процесот на децентрализација, како во културниот така и во територијалниот развој, и кој нуди конкретни цели, активности и инструменти базирани на реалните потреби и можности.

# СОДРЖИНА


**ВОВЕД** → 7

I → **КУЛТУРНИОТ КОНТЕКСТ ВО МАКЕДОНИЈА** → 11
1 → РЕГУЛАТИВИ ВО КУЛТУРАТА - ПЛАНИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ → 11
1:1 → Децентрализација во културата како една од мерките за спроведување на националната стратегија за развој на културата на Република Македонија → 17

II → **РЕГИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ И ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН** → 19
1 → ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА И РЕГИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА → 19
1.1 → Фази во развој на децентрализацијата во Република Македонија (1991-2007 година) → 19
1:2 → Регионален развој → 21
1:2:1 → Финансирање на регионалниот развој → 24

2 → ПЕЛАГОНИСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН → 25
2:1 → Општи податоци за Пелагонискиот регион → 26
2:2 → Краток историски осврт на културата на Пелагонискиот регион → 27
2:3 → Статистички податоци од областа на културата во Пелагонискиот регион → 31

III → **МЕТОДОЛОГИЈА НА РАБОТА ЗА РАЗВОЈ НА СТРАТЕГИЈАТА И РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНАТА МЕТОДОЛОГИЈА** → 33
1 → МЕТОДОЛОГИЈА НА РАБОТА → 33
2 → РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНАТА МЕТОДОЛОГИЈА НА РАБОТА → 34
2:1 → Предавања, дискусии, презентации на успешни студии на случај, работа во групи и анализи на територијалниот и културниот контекст и културните актери/креатори во Пелагонија → 34

2:2 → Спроведени прашалници во општините, културните институции, здруженијата на граѓани и постоечките културно-уметнички манифестации (начин на организација, систематизација, финансирање, развој на програма, форми на соработка, комуникација и развој на публика итн. за секоја категорија на испитани субјекти) → 39

2:3 → Размена на искуство и знаење за начинот на работа и организација на секторот за култура (на ниво на единица на локална самоуправа и институција), како и на формите на воспоставена соработка меѓу културните актери на одредена територија помеѓу Пелагонија и областа на заливот Мон Сен Мишел → 52

IV → **СТРАТЕГИЈА ЗА КУЛТУРЕН РАЗВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН** → 57

1 → ВИЗИЈА И МИСИЈА → 59
2 → ЦЕЛНИ ГРУПИ И КОРИСНИЦИ → 59
3 → СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И АКЦИОНЕН ПЛАН → 59

КОНСУЛТУРАНА И КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА → 68

# ВОВЕД

Стратегијата за културен развој на Пелагонискиот регион[1] 2013-2016 се иницираше во рамки на работата на Локомотива како македонски партнер во оската за културни политики од Програмата за децентрализирана соработка помеѓу регионот Долна Нормандија (Франција) и Република Македонија. Оваа програма започна во 2007 година. Иако се работи за институционална соработка (Долна Нормандија - Македонија преку Министерство за локална самоуправа), активностите од проектот се групирани во 7 делови (оски на соработка) и спроведувани од француско-македонски „тандем-организации“. Локомотива е партнер-организација од Македонија, која од 2007 година континуирано работи на развој на активностите на оската за културни политики во соработка со културни асоцијации од Долна Нормандија. Тековен партнер на Локомотива во работата на оската од Долна Нормандија е областа на заливот Мон Сен Мишел.

Програмата за децентрализирана соработка е насочена кон зајакнување на локалното владеење, поддршка на регионалниот развој, еднаква застапеност на руралните и градските средини во сите теми на соработката, кон развивање на капацитетите на единиците на локална самоуправа, институциите и локалното население во Долна Нормандија и Македонија, како и кон разменување на позитивни практики, вредности и искуства. Главната цел на програмата е да се зајакнат капацитетите на локалните власти за спроведување на процесот на децентрализација,

[1] Во оваа стратегија Пелагониски регион се користи како синоним на Пелагониски плански регион, еден од осумте плански региони воспоставени во Република Македонија со Законот за рамномерен регионален развој од 2007 година. Согласно тристепената номенклатура на територијални статистички единици (НУТС 3), планските региони се воспоставени како функционално-територијални единици кои ќе се грижат за потребите на регионалниот развој во земјата, а се усвоени од Собранието на Република Македонија на 29 септември 2009 година.

да се поттикне учеството на граѓаните и да им се помогне во остварување на одржлив развој преку креирање на територијални јавни политики следејќи го моделот „одоздола-нагоре”.

Локомотива како македонски партнер на оската за културни политики, преку активностите што ги спроведува има за цел да делува на системот во кој се уредува културниот развој во земјата преку: редефинирање и креирање на културни политики согласно партиципативниот метод т.е. учество на сите засегнати страни од институционалниот и граѓански сектор и примена на моделот „одоздола-нагоре”, градење на професионалните капацитети во јавната администрација и културните институции и поттикнување на интерсекторска и интернационална соработка. На тој начин преку својата работа, Локомотива делува на развојот и имплементацијата на децентрализацијата во културата во Република Македонија. Во таа насока, во 2011 година Локомотива почнува активно да работи на територијата на Пелагонискиот плански регион во партнерство со Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион (ЦРППР). Партнерството со ЦРППР овозможи политички и правен легитимитет на спроведените активности и можност за работа на нови, демократски и децентрализирани модели на културни политики соодветни на потенцијалите и потребите на самата територија. Исто така, партнерството со ЦРППР обезбеди иницијално вклучување и координација на претставниците од институционалниот сектор од регионот (општини и културни институции) во активностите на оската, како и комуникација и координација на работата на општините во рамките на проектот. Програмата на оската за културни политики ги обединува следниве категории на активности:

- → градење на капацитети - професионална доедукација за општините и припадниците на културниот сектор (работилници, професионални стажирања);
- → поттикнување на регионалниот развој и меѓуопштинска соработка согласно Стратегијата за културен развој на Пелагонискиот регион и иницирање и развој на Мрежа за културен развој на Пелагонискиот регион;
- → креирање на платформи за заемно информирање и размена на искуства и знаење за децентрализација во културата во Долна Нормандија и Македонија;
- → уметнички размени и копродукции помеѓу културни институции и организации од двете територии.

Од 2010 година Локомотива во фокусот на своите активности го става делувањето на ниво на регион како нова воспоставена форма на функционално-територијална единица во Република Македонија од 2008 година. Согласно оваа определба, од 2011 година Локомотива почнува активно да соработува со Пелагонискиот регион во партнерство со Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион. Работата на регионално ниво се развива согласно со определбата дека културата има значајна улога во целокупниот развој на земјата (економски, социјален), а јадрото од кое треба да се иницираат промените и развојот е локалната средина (општина, град) и регионот што ги поврзува.

Стратегијата за културен развој на Пелагонискиот регион 2013-2016 е резултат на континуираната соработка со сите засегнати страни од регионот и резултатите добиени врз основа на спроведените активности согласно со воспоставената методолошка рамка. Овој документ ги одразува реалните потреби за развој на културата на ниво на регионот утврдени врз основа на спроведените дискусии, работни сесии, истражувања и анализи. Тој е развиен во согласност со позитивните прописи и законски рамки усвоени во домените на културата и територијалниот развој во Република Македонија. Стратешкиот документ во себе содржи:

- → анализа на културниот сектор во Република Македонија, со посебен осврт на децентрализацијата во културата;
- → осврт на регионалните и локалните политики во Република Македонија;
- → основни карактеристики на Пелагонискиот регион;
- → методологија на работа и резултати од спроведената методологија;
- → визија и мисија на регионот;
- → стратешки цели и план за реализација на целите со очекувани резултати и индикатори за следење на процесот на постигнување на целите.

Преку имплементацијата на овој документ сметаме дека во следните три години ќе делуваме позитивно на креирање на одржливи структури и механизми за развој на регионот, подигнување на квалитетот на соработка и квалитетот на културната продукција и понуда, поголема видливост и интернационална соработка на регионот и подигање на квалитетот на културен живот за граѓаните во Пелагонија.

# I КУЛТУРНИОТ КОНТЕКСТ ВО МАКЕДОНИЈА

## 1. РЕГУЛАТИВИ ВО КУЛТУРАТА - ПЛАНИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ

Културата и културните развојни процеси во Република Македонија се регулирани преку законски и нормативни акти, стратегии и планови, кои директно се однесуваат на културата и дејностите, или индиректно влијаат на начинот на кој се регулира и управува со културните содржини. Преку овие документи се одредуваат приоритетите на нејзиниот развој, постапките со кој развојот се планира, како и начините на кои културата се регулира и управува.

Од осамостојувањето на Република Македонија во 1991 година, се воспостави централизиран систем на владеење, кој е генерална политичка определба, и кој на некој начин претставува еден вид уназадување на веќе воспоставениот систем на самоуправување и децентрализација од 70-тите години на минатиот век. Првите чекори за повторна децентрализација на власта беа направени во 1995 година со донесување на првиот Закон за локална самоуправа. „Во 1996 година, Република Македонија ја потпиша Европската повелба за локална самоуправа на Советот на Европа, а во 1999 година беше донесена Стратегијата за реформа на локалната самоуправа. По потпишувањето на Охридскиот рамковен договор во 2001 се интензивираа активностите поврзани со процесот на децентрализацијата, додека вистински и формално истата почна да се применува од 1 јули 2005 година, до кога во најголем дел веќе беа воспоставени минимум, но сепак доволни, регулаторни, административни и технички капацитети, како на централно така и на локално ниво.“[2]

Во 1991 година, по осамостојувањето е основана и институцијата Министерство за култура, како орган кој е задолжен за развојот на културата во земјата и спроведувањето на утврдените регулативи, планови и стратегии на национално ниво. Со Министерството за култура управува Министерот за култура, политички избран субјект, која има централизирана моќ во одлучувањето. Системот е административно централизиран. Според Законот за култура, Министерството за култура е тело преку кое се регулира

[2] Компаративна анализа за перформансите на општините во Република Македонија во областите образование, урбанизам и фискалната децентрализација за периодот 2008-2009, ноември 2010, Скопје, стр. 7, преземено на 1.7.2013, http://www.soros.org.mk/dokumenti/21-12-2010-KOMPARATIVNA-ANALIZA.pdf

и работата на јавните установи, но и останатите субјекти (правни и приватни) преку инструментите кои ги спроведува.

Во периодот од 1945 година Македонија беше организирана како мултикултурно општество базирано на југословенската политика на „братство и единство" меѓу народите и народностите што живееја и беа признати во поранешна Југославија. Во 1947 година се формирани Турската и Албанската драма, фолклорни групи, радио програми, како и дневни весници, месечници итн., кои беа достапни на јазици на различните етнички заедници во Македонија (Албанци, Турци, Срби, Роми итн.).

По 1990 година, всушност, се покажа дека оваа мултикултурна политика не била на задоволително ниво и дека не ги задоволува потребите на малцинствата во Македонија. Така, се основаа нови приватни дневни весници, телевизии и радија на албански и ромски јазик. Беа основани нови фестивали за поддршка на малцинските заедници, како и нови граѓански организации, кои работеа на развој на малцинските култури во земјата. Од друга страна, ова доведе до етничка поделба, културна алиенација и сепарација по етнички линии.

Конфликтот во 2001 година ги отвори повторно сите овие прашања во полето на културата, кои се уредени со Охридскиот рамковен договор, документ со кој се регулираат и формулираат правата на заедниците. Онаму каде заедницата е повеќе од 20% од населението, се регулира застапеност на членовите од заедницата во локалните и државните институции. Но, суштински се правото на користење на јазикот, правичната застапеност во државната администрација и т.н. Бадинтеров принцип на одлучување (со двојно мнозинство) за прашањата што ги засегаат јазичните и културните аспекти на заедницата. Децентрализацијата претставува инструмент преку кој се реализираат споменатите права. Со член 115 од Охридскиот рамковен договор се потврдува дека во единиците на локална самоуправа, граѓаните непосредно или преку претставници одлучуваат за уредувањето на културата во својата заедница.

Во периодот од осамостојувањето, културата се регулираше преку различни законски и нормативни акти во одредени дејности. Во 1998 година се донесува и Законот за култура. Прв програмски документ беше Националната програма за култура 2004-2008, која е одредена со Законот за култура[3], како рамка што го одредува среднорочниот план за развој на култура и на генерално ниво ги дава приоритетите и целите за иден културен развој, ги одредува правните и финансиски мерки за развојот, принципите и определбите за идната мрежа на национални установи. Националната програма за култура промислувањето за културата го гради врз неколку темелени принципи: достапност, разновидност, отвореност, одговорност и флексибилност.

Целите одредени преку оваа програма се: децентрализација на културата, искористување на културата како ресурс за развој, заштита и рекреирање на културното наследство, поттикнување на современото творештво со посебен фокус на културните потреби на младите, враќање на дигнитетот на творецот и на творештвото и создавање услови за остварување и заштита на врвни културни вредности и подобрување на менаџментот во културата. Во програмата е дадена стратегија, односно дефинирани се инструментите со кои, како што се објаснува, се одразува намерата на прегледен и убедлив начин да се објасни како ќе бидат реализирани зацртаните цели.

Замислата Собранието да донесува Национална програма за развој е со цел да се обезбеди натпартиски консензус за стратешките определби во културата. Но, поради различни политички проценки, таа потреба се дезавуира. Една од импликациите е дека со тоа одговорноста ја презема политичката опција што е на власт, без настојување да се постигне национален (државен) консензус за развој на културата.
Националната програма не е ревидирана од 2008 година, но беше јавен документ со кој се регулираше развојот на културата во Република Македонија до 2013 година.

Културата денес, во 2013 година, во Република Македонија се регулира преку Уставот на Р. Македонија, преку законски и нормативни акти за посебни дејности во културата, како и закони и нормативни акти кои индиректно ја засегаат културата, односно уредувањето на културата и нејзината децентрализација (Закон за локална самоуправа[4], Закон за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија[5], Закон за финансирање на единиците на локална самоуправа[6], Закон за рамномерен регионален развој [7]итн.), национални програми за развој (Стратегија за рамномерен регионален развој на Република Македонија 2009-2019[8], програмите за развој на планските региони итн.), Законот за култура и други закони, законски акти за различни културни дејности[9] и Национална стратегија за развој на културата 2013-2017, која од 2013 година е главен документ со кој се дефинираат целите и развојот на културата во Македонија [10].

[3] Националната програма е одредена со член 9 во Законот за култура од 1998 година и неговиот пречистен текст од 2003 година. Но, во неофицијалиот пречистен текст поставен во декември 2012 година, на местото на Националната програма се вметнува Националната стратегија во член 9, преземено на 5.6.2013, http://www.kultura.gov.mk/index.php/legislativa/2011-03-04-10-39-07/287-zakon-za-kulturata

[4] „Службен весник на Република Македонија" бр. 5 од 29.1.2002 година

[5] „Службен весник на Република Македонија" бр. 55 од 16.8.2004 година

[6] „Службен весник на Република Македонија" бр. 61 од 13.9.2004 година

[7] „Службен весник на Република Македонија" бр. 63 од 22.5.2007 година

[8] „Службен весник на Република Македонија" бр. 119 од 30.9.2009 година

[9] Министерство за култура на Република Македонија, преземено на 1.7.2013, http://www.kultura.gov.mk/index.php/legislativa

[10] Национална стратегија за развој на културата 2013-2017, изгласана на Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 24 јануари 2013 година, преземена на 10.7.2013, http://www.kultura.gov.mk/index.php/odnosi-so-javnost/2011-03-04-10-39-07/883-nacionalna-strategija-za-razvoj

Уставот на Р. Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52 од 22 ноември 1991 година) и Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98 од 2 јули 1998 година) дадоа глобални насоки во културата, вклучувајќи ги човековите права, правата на малцинствата, обврската на владата за поддршка и развој на културата итн.
Со Уставот се загарантирани човековите права, креативната автономија и слобода, обврска да се поддржува и развива културата, правото на различни етнички и национални групи да воспостават институции за култура и уметност, заштита на културното и историското наследство итн.
Законот за култура е главен законски акт, кој е донесен во 1998 година и ревидиран во 2003 година, а променет и надополнет со предлог закони за изменување и дополнување на Законот за култура  во 2007, 2010, 2011, 2012 и 2013 година. Тој претставува нормативна рамка на културниот концепт на државата, кој ги одредува основите на културата, облиците на организација, начинот и условите на финансирање на културата итн. Законот за култура идентификува цели од национален интерес, цели од локален и цели од поединечен интерес. Со законот е утврдено дека се донесува Националната стратегија[11] за остварување на националниот интерес во културата, која е стратешки документ за пет години, со кој се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на културата и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување.
Со законот е утврдено управувањето на културата, како и институциите и органите преку кои таа се регулира. Исто така, формулирани се дејностите преку кои се остварува културата и уметноста, работничките права и односи, како и финансиските инструменти.

Национална стратегија за развој на културата 2013-2017 се донесе во јануари 2013 година. Со овој нов документ се поставуваат новите приоритети на културата во Република Македонија, се дефинира културата во земјата и се вели: „Културата е фактор кој го поттикнува цивилизацискиот развој, ја зголемува општествената кохезија и ја профилира сликата на една држава во меѓународни рамки.
Националната стратегија за развој на културата на една држава треба да се базира на основните постулати на културните политики на современоста:
→ од една страна, поддршка на традиционалните творечки и применети уметности и заштита на културното наследство,
→ од друга страна, создавање општествен амбиент кој ќе овозможи имплементација на новите технологии во сферата на културата и уметноста и кој ќе го поттикне развојот на креативните индустрии, на културниот менаџмент и маркетинг и на приватните иницијативи.

[11] Неофицијален пречистен текст поставен во декември 2012 година, http://www.kultura.gov.mk/index.php/legislativa/2011-03-04-10-39-07/287-zakon-za-kulturata Претходно според Законот за култура со член 9 за официјален документ со кој се утврдуваат среднорочните развојни насоки на културата беше назначена Националната програма за култура за период од 2004 до 2008 година

Во тој контекст, Стратегијата го дефинира националниот интерес на државата во културата во широк дијапазон, како:
а) уметничко творештво во кое спаѓаат: книжевноста, издаваштвото, сликарството, вајарството, музиката, театарот, филмот, балетот и современиот танц;
б) културното наследство во кое спаѓаат: недвижното културно наследство, движното културно наследство – библиотечната, музејската и дејноста за заштита на аудиовизуелните добра и духовното културно наследство;
в) областите кои се комплементарни со културата, како:
:: науката и образованието;
:: менаџментот и маркетингот;,
:: креативните индустрии, новите технологии и медиуми во производството, дистрибуцијата и рецепцијата на културата;,
:: алтернативните културни изразувања;
:: културниот туризам;
:: дигитализацијата на културното наследство и на современото творештво;
:: интермедијалните и мултимедијалните креативни практики; и
:: меѓународната културна политика“[12].

Стратегијата е основниот документ со кој од 2013 до 2017 ќе се уредува културниот развој во Република Македонија. Министерството за култура еднаш годишно ќе му доставува извештај на Собранието на Македонија за спроведување на акцискиот план кој ќе ја следи стратегијата.[13] Во овој документ се предложени и нови мерки за реализација на стратегијата, меѓу кои и нов модел на управување на културата, односно децентрализација на системот на управување и творење на услови за осамостојување на институциите во програмското одлучување, како и ремоделирање на системот на одлучување во Министерството за култура. Исто така, стратегијата најавува нови финансиски мерки, новини во кадровските политики, законодавството итн.

Акцискиот план за реализација на стратегијата ги дефинира конкретните активности, проекти и мерки за реализација на стратегијата во периодот од 2013 до 2017 година, при што ги посочува носителите на одделните активности, динамиката на нивната реализација, проекциите на буџетските и на вонбуџетските средства, секторските и интерсекторските интереси од областа на културата, како и очекуваните ефекти и индикатори за процена во спроведувањето на Стратегијата. Принципите и целите содржани во стратегијата ќе имаат практична реализација преку годишните програми на Министерството за култура за финансирање на националниот интерес во културата.[14]

[12] Национална стратегија за културен развој на Република Македонија 2013-2017, стр. 3-4, преземено на 10.7.2013 година, http://www.kultura.gov.mk/index.php/odnosi-so-javnost/2011-03-04-10-39-07/883-nacionalna-strategija-za-razvoj

[13] Објава за донесувањето на Националната стратегија за култура 2013-2017 и изјава на министерката за култура Елизабета Канческа-Милевска, „Утрински весник“, 24.1.2013 година, преземено на 5.6.2013 година, http://www.utrinski.com.mk/default.asp?ItemID=CA9A53B88935F8428274E1CF181A6631

[14] Според член 10 од  Законот за култура, Неофицијален пречистен текст, поставен во декември 2012 година,  утврдено е дека за реализација на Националната стратегија се донесуваат годишни програми за остварување на националниот интерес во културата, преземено на 15.7.2013 година, http://www.kultura.gov.mk/index.php/legislativa/2011-03-04-10-39-07/287-zakon-za-kulturata

Во акцискиот план се обработени целите, мерките, очекуваните ефекти и индикатори. За правилно спроведување на овој план е потребно ревидирање на Законот за култура.

Главното тело, институцијата која го регулира културниот развој во Република Македонија, Министерството за култура, во 2013 година, според задолжение од Владата и според описот на задачи,[15] има задача да ги извршува следните работи и е задолжено:

→ да ги следи, анализира и предлага актите и мерките за развој и унапредување на културата;
→ за организацијата, финансирањето и развојот на мрежата на националните установи и финансирањето на програми и проекти од национален интерес во оваа област;
→ за заштита на културното богатство;
→ за издавачката, музичката, сценско-уметничката, филмската, галериската, библиотечната, архивската, музејската и кинотечната дејност, дејноста на домовите на културата и дејноста за посредување во културата;
→ за заштитата на авторското право и сродните права;
→ за споменичкото одбележување на настани и истакнати личности од национален интерес;
→ за надзорот од негова надлежност и да врши и други работи утврдени со закон.

Министерството за култура изготви и свој Стратешки план на Министерството за култура 2012-2014 година, каде ги дефинира своите цели и насоки за споменатиот период. Овој документ е стратешки документ на највисокиот орган во државата одговорен за културниот развој. Преку овој документ е дефинирана визијата, мисијата, целите на Министерството за култура, како и задачите и обврските. Освен тоа, постои осврт кон постигнатите резултати, како и програмска поделба и структура на институцијата.

[15] Веб-страница на Владата на Република Македонија, преземено на 16.7.2013, http://vlada.mk/ministerstva

## 1.1. ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА ВО КУЛТУРАТА КАКО ЕДНА ОД МЕРКИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА КУЛТУРАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Децентрализацијата во култура беше прва цел на Националната програма за култура 2004-2008, и прва од предложените организациски, финансиски и административни мерки за реализација на Национална стратегија за развој на културата 2013-2017, која денес е документот според кој се уредува и планира културниот развој во земјата.
Децентрализацијата во Македонија започна во 2003 година, поддржана со Одлука за утврдување на мрежата на националните установи од областа на културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/9 и бр. 49/03). Со оваа одлука беше утврдено кои институции се утврдуваат како национални установи, а во објаснувањето се вели дека се усвоени предложените измени и дополнувања на Законот за културата, со кои се создава основа за побрзо започнување на процесите на децентрализација во културата. Исто така се додава: „Во моментов културата се наоѓа во преоден режим, според кој сите 115 организации со општествен капитал што се регистрирани во претходниот уставен период за вршење дејност од областа на културата, сè до утврдувањето на нивниот иден статус (дали ќе бидат национални, локални или ќе се приватизираат), продолжуваат да работат и да се финансираат како национални установи“.
Со член 94 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/03) е одредено дека во рок од 30 дена од влегувањето на сила на одлуката[16] се одредува кои установи ќе се утврдат како општински-градски установи.
По претходно утврдени критериуми, Владата одлучи од поранешните 115 организации со општествен капитал, основани во периодот пред 1991 година, 51 да останат државни, односно национални установи во културата, а останатите да се понудат на општините за нивно преземање на локално ниво, се вели во извештајот за нормативната активност на Министерството за култура во периодот од ноември 2002 до мај 2006 година[17].

Според постојниот Закон за култура, се предвидуваат три нивоа на остварување на културата (национално, локално и поединечно), кои треба да се постават во децентрализирани рамки. За непречено спроведување на децентрализација во културата потребно е усогласување со процесот на децентрализација на национално ниво. По финализирање на процесот на територијалната децентрализација, која е во тек, голем дел од ингеренциите ќе ѝ припаднат на локалната самоуправа, која има значајна улога во имплементацијата на процесот на децентрализација во култура. Локалната самоуправа се наоѓа во меѓуфаза во која е соочена со предизвикот за самоорганизирање и

[16] Одлука за утврдување на мрежата на националните установи од областа на културата, утврдена во член 92 и 93 во Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/03)

[17] Извештај за нормативната активност на Министерството за култура во период од ноември 2002 до мај 2006 година, преземен на 1.7.2013, http://www.kultura.gov.mk/documents/Pres_Izvestaj_zakoni_2002_ 2005.doc

одговорност за понатамошниот развој. Таа треба да се оспособи и да ги изгради своите професионални капацитети за да може ефективно и ефикасно да работи на културниот развој, а преку него и на социјалниот и економскиот развој на својата заедница. Со децентрализацијата во Македонија се зголемува надлежноста на градоначалниците и локалната самоуправа. Во согласност со Законот за територијалната организација на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/2004), во Република Македонија има 84 општини (вклучувајќи го Градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа, кој се состои од 10 градски општини), од претходно 123. Овие општини имаат поголеми надлежности од порано во донесувањето на одлуките и во управување со буџетите. Општините имаат зголемени ингеренции за локален економски развој, заштита на животната средина и природата, култура, урбанизам, спорт, социјална заштита и заштита на децата и образование.[18] Со намалување на бројот на општини се проширува радиусот на дејствување на културните установи и надлежноста на градоначалниците за поголема територија.

Спроведувањето на децентрализацијата на културата во Македонија е под директно влијание од процесите на децентрализација во Македонија и регионалниот развој. Владата на Република Македонија има изготвено програма[19] со која се залага за заокружување на процесот на децентрализација до 2015 година, преку:

- → подобрување на условите во социјалната заштита, локалниот економски развој, културата, здравството, спортот и домувањето;
- → префрлање на надлежност на локалната самоуправа во доменот на социјалното домување и изградба и одржување на социјални станбени објекти.

Во наредниот период плански и етапно ќе се спроведува префрлањето на преостанатите установи кои се од локално значење од централно на локално ниво.[20]

Децентрализацијата во културата во согласност со плановите на национално ниво се спроведува од 2003 година.[21] Досега, во вкупно 30 општини во Република Македонија, 49 установи имаат статус на локални установи. Од нив, 28 се домови на културата и установи регистрирани за сценско-уметничка дејност, 13 се библиотеки, 6 се музеи и 2 се зоолошки градини.

Во Национална стратегија за развој на културата 2013-2017 се вели: „Заложба на Министерството за култура е процесите на децентрализација во културата етапно да продолжат со динамика што е условена од создавањето изворни буџети на општините како предуслов за креирање и за реализирање самостојна локална културна политика".[22]

[18] Долна Нормандија Македонија - Портал за децентрализирана соработка помеѓу Долна Нормандија и Македонија, преземено на 16.7.2013, http://crbn-mk.courriers.info/decentralizacij-ata-vo-makedonij-a

[19] Програма за спроведување на децентрализацијата и развој на локалната самоуправа во Република Македонија 2011-2014, преземено на 10.5.2013, http://mls.gov.mk/files.php?force&file=2012/brosuri/Programa za decentralizacija MK.pdf

[20] Веб-страница на Влада на Република Македонија, Децентрализација и регионален развој, преземено на 10.7.2013, http://vlada.mk/programa/decentralizacija-i-regionalen-razvoj

[21] Одлука за утврдување на мрежата на националните установи од областа на културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98 и бр. 49/03)

[22] Национална стратегија за културен развој на Република Македонија 2013-2017, стр. 18, преземено на 10.7.2013 година, http://www.kultura.gov.mk/index.php/odnosi-so-javnost/2011-03-04-10-39-07/883-nacionalna-strategija-za-razvoj

# II РЕГИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ И ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

## 1. ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА И РЕГИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### 1.1 ФАЗИ ВО РАЗВОЈ НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (1991-2007 ГОДИНА)

Согласно Уставот на Р. Македонија од 1991 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 52 од 22.11.1991 година) на граѓаните на Република Македонија им се гарантира правото на локална самоуправа, преку општините како единици на локална самоуправа. Законската рамка за уредување на локалната самоуправа се регулира со два закони за локална самоуправа, првиот од 1995 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 52 од 1 .11.1995 година), вториот од 2002 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 5 од 29.1.2002 година).

Со донесување на првиот Закон за локална самоуправа од 1995 година, Македонија се уредува како централизирана држава, што донекаде беше оправдано со процесот на изградба на државниот систем по осамостојувањето. Децентрализацијата за првпат е дел од програмата на Владата со донесувањето на Стратегијата за реформа на системот на локална самоуправа на Република Македонија од 1999 година. Стратегијата се донесе како резултат на недоволно изградениот систем на локална самоуправа, кој подразбираше мали и нејасно дефинирани надлежности на единиците на локална самоуправа (123 општини и Град Скопје) и висока финансиска зависност од државата, а со тоа и неможност на локалната самоуправа да ги застапува интересите на граѓаните во вистинска смисла на зборот. Сепак, оваа стратегија не овозможи имплементација на децентрализираното управување во Република Македонија. Реформи во политичкиот систем настанаа со воведување на промени во Уставот на Република Македонија кои следеа по усвојување на Охридскиот рамковен договор во 2001 година, со кој се разреши меѓуетничкиот конфликт во земјата. Уставните амандмани воведени во 2001 година овозможија пренос на голем дел од надлежностите од централната на локална власт а со тоа го помогнаа процесот на децентрализација. Со префрлање на надлежностите од централно на локално ниво, граѓаните преку локалната самоуправа имаат можност и право да одлучуваат за културата, образованието, спортот,

здравствената заштита, социјалната заштита и заштита на деца, заштита на животната средина, урбанистичко (урбано и рурално) планирање, планирање на локалниот економски развој, комунални дејности, противпожарна заштита и мерки за заштита од непогоди, штети и воени разурнувања, и да вршат надзор над вршењето на работи од надлежност на општината. Значајна измена поврзана со локалното владеење беше и воведувањето на Бадинтеровото мнозинство при донесување на законите за локална самоуправа, територијална поделба и финансирање на единиците на локална самоуправа. Овие закони се донесуваат со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број на пратеници, притоа мора да има мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во земјата.

Со цел да се операционализираат изменетите уставни норми и да се започне со процесот на децентрализација, во 2002 година се донесе нов Закон за локална самоуправа. Законот го регулира предавањето на дел од функциите и надлежностите од централна власт на општините. На тој начин се намалува моќта на централната власт и голем дел од обврските поврзани со администрирање на локалното владеење се предаваат на локалната самоуправа и се создаваат можности, согласно новите потреби, за јакнење на капацитетите на локалните власти и нивен развој како противтежа на централната. Исто така, се овозможува поголема ефикасност и подобри, поквалитетни и поевтини услуги на граѓаните, како и можност за нивно учество во одлучување на прашања од јавен интерес преку воспоставените механизми на граѓанска инцијатива. На тој начин општините, во рамки на законските можности, стануваат самостојни во работата и извршување на функции од локален и од јавен интерес. Согласно начелото на субсидијарност, општините ги вршат работите од јавен интерес од локално значење што не се исклучени од нивна надлежност или не се во надлежност на органите на државна власт. Општините ги спроведуваат своите надлежности преку органите што ги избираат граѓаните - Советот на општината и градоначалникот.

Согласно член 14 и 15 од Законот, со цел остварување на заеднички интереси, општините можат да се здружуваат и меѓусебно да соработуваат. Тие можат да здружуваат средства и да формираат заеднички јавни служби. Исто така, можат да соработуваат со единици на локална самоуправа од други земји, меѓународни организации на локални заедници и да членуваат во меѓународни организации на локални власти. Заради регулација на овој тип на соработка, во 2009 година е донесен Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија" бр. 79 од 24.6.2009 година). Под меѓуопштинска соработка согласно овој закон се подразбира соработка воспоставена помеѓу две или повеќе општини за поефикасно или поекономично вршење на надлежностите на општините. Воспоставувањето на оваа соработка е доброволно, врз основа на заемен интерес на две или повеќе општини.
Основната цел на територијалниот (локалниот, а од 2007 и регионалниот) развој треба да биде развојот на демократски, партиципативни модели на владеење и граѓанско учество, развој на социјалната и економска структура на локално/национално ниво и подобрување на позицијата на земјата како иден член на ЕУ и НАТО.

Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 63 од 22.5.2007 година) започна нова фаза во процесот на децентрализација со воведувањето на регионите како нова функционално-територијална единица во Република Македонија.

## 1.2 РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Потребата од планирање на регионалниот развој првенствено се наметна поради големите диспаритети помеѓу центарот (Скопје) и другите делови од земјата. За ваквата состојба во голема мера придонесе долгогодишното непостоење на регионална развојна политика што резултираше во моноцентричен модел на развој каде центарот по своите економски и други општествени карактеристики значително се издвои од другите населени места. Покрај тоа, процесот на приближување кон Европската унија влијаеше за подигнување на свеста кај релевантните институции за значењето на планирањето на регионалниот развој, како предуслов за намалување на диспаритетите помеѓу регионите што би овозможило побрзо задоволување на економските критериуми за влез во ЕУ. Регионалниот развој во Македонија се воспостави со цел да се овозможи надминување на диспаритетот во развој на целата територија на земјата и е во насока на подигање на нивото на развој на планските региони до нивото на најразвиените региони во Европа. Регионалниот развој е комплексен и долгорочен процес. Комплексноста на регионалниот развој се темели на неговата повеќедимензионалност, односно преплетувањето на економскиот, демографскиот, социјалниот, просторниот, културниот и многу други аспекти на развој. Од таа причина, успешната имплементација на политиката за регионален развој е во директна зависност од поширокото разбирање на концептот за регионален развој, ефикасното поврзување на политиката на регионалниот развој со секторските политики и обезбедувањето потребна поддршка од страна на релевантните институции. Оттаму, системот за поддршка на регионалниот развој треба да биде координиран помеѓу повеќе министерства и владини институции и во себе да вклучува елементи на поттикнување на соработка со невладиниот и бизнис секторот во планските региони.

Регионалниот развој подразбира добро планирање како механизам за одржување на стабилни општествени системи и основа за одржлив развој. Преку изработката на план и програми за регионален развој се овозможува добро општествено структурирање и креирање на функционален систем од цели, институции и инструменти во насока на рамномерен и урамнотежен социјален и економски развој, преку хармонизација на националните со специфичните регионални и локални интереси.

Со таква цел, во 2009 година се донесе Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2009-2019.[23] Стратегијата е еден од главните стратешки документи, заедно со Националниот развоен план и Просторниот план на Република Македонија. Во Стратегијата е направен обид за усогласување на што е можно повеќе стратешки цели со приоритетите на политиките на ЕУ за економско-социјална кохезија и приоритетите идентификувани со Лисабонската стратегија на ЕУ. Ова е направено се цел да се поттикне развојот на планските региони според насоките на ЕУ и да се дејствува во насока на подигање на капацитетите на планските региони и единиците на локална самоуправа (ЕЛС) за користење на компонентите од ИПА фондовите. Стратегијата следеше по донесување на Законот за рамномерен регионален развој[24] во 2007 година со кој се воспоставија плански региони на територијата на Република Македонија. Согласно тристепената номенклатура на територијални статистички единици (НУТС 3), планските региони се воспоставени како функционално-територијални единици кои ќе се грижат за потребите на регионалниот развој во земјата. Регионите се усвоени од Собранието на Република Македонија на 29 септември 2009 година. Земјата е поделена на 8 плански региони, и тоа: Скопски, Југоисточен, Пелагониски, Југозападен, Полошки, Вардарски, Источен и Североисточен. (слика 1).

Во Законот, како носители на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој се утврдени Владата на Република Македонија, Советот за рамномерен регионален развој, Министерството за локална самоуправа и Советите за развој на планските региони. За потребите на регионалниот развој, во 2008 година во рамките на Министерството за локална самоуправа се формира Бирото за регионален развој, како засебно правно лице, а во секој од осумте плански региони се формира Центар за развој на планскиот регион, како засебно правно лице формирано од единиците на локална самоуправа што влегуваат во состав на планскиот регион, со седиште во најголемата единица на локална самоуправа од дадениот регион.



1

Планирањето на регионалниот развој се предлага да се врши со два плански (стратешки) документи, и тоа: Стратегија за регионален развој и Програма за развој на планскиот регион (Закон за рамномерен регионален развој, член 9, 2007).

[23] „Службен весник на Република Македонија" бр. 119 од 30.9.2009 година

[24] „Службен весник на Република Македонија" бр. 63 од 22.5.2007 година

→ Стратегијата за регионален развој е утврдена од страна на Советот за рамномерен регионален развој. Ова тело дава согласност и мислење за програмите за развој на планските региони, утврдува предлог за финансирање на проекти од Буџетот на РМ наменети за планските региони како и предлог за класификација на ЕЛС и планските региони според степенот на развиеност.

→ Програмата за развој на планскиот регион се изготвува за период од 5 години. Согласно законските прописи, Програмата мора да биде усогласена со Стратегијата за регионален развој. Програмата се изготвува засебно за секој плански регион од страна на Центарот за развој на планскиот регион, а ја донесува Советот за развој на планскиот регион по претходна согласност од Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија. Советот за развој на планскиот регион го сочинуваат градоначалниците на ЕЛС што влегуваат во состав на тој регион, но може да бидат вклучени и стручни лица од областа на регионалниот развој. Согласно донесената петгодишна програма, Советот за развој на планскиот регион изготвува годишен акционен план за спроведување на програмата, утврдува листа на проекти кои ќе се реализираат во рамки на годишната програма и ја промовира прекуграничната соработка.

Следејќи ги генералните насоки на Стратегијата и Програмата за развој на планскиот регион, секој регион согласно карактеристиките и потенцијалите на територијата (општините) која ја опфаќа, има можност да работи на креирање на специфични развојни програми во дадени области со цел развој и задоволување на утврдените потреби. Оттаму процесот на регионално планирање е од исклучително значење за утврдување на развојните насоки и приоритети и врз таа основа да развие цели, програми, инструменти и мерливи индикатори за следење на развојот. Ова подразбира дека секој регион согласно потребите може да донесува специфични стратешки документи во одредени области (домени на јавно делување, како на пр. локален развој, култура, туризам итн. ) со времетраење од неколку години потребно за реализација на утврдените цели. Овие документи треба да бидат динамични, антиципативни и да се менуваат согласно резултатите добиени од спроведените активности и нивната евалуација. На тој начин се обезбедува континуитет во работата, навремено одговарање на актуелните политички, територијални и социо-економски прилики, а со тоа и одржливост во регионалниот развој. Важно е да се напомене дека програмата за развој на регионот во себе треба да содржи повеќесекторски приод и вклученост на локалните актери во нејзината изработка и имплементација. На тој начин се овозможува процес на реално планирање на потребите и развојот на регионот, кои треба да бидат прифатени, односно во координација со приоритетите кои се градат на национално ниво.

На политиката на регионален развој не треба да се гледа како на фиксно дадена рамка, туку како на динамичен систем составен од развојни стратешки определби кои имаат за цел:

→ да го поттикнат локалниот развој преку заедничко, партнерско делување на сите засегнати страни;
→ да се работи на рамномерен развој и намалување на диспаритетот и разликите помеѓу единиците на локална самоуправа;
→ да се развива меѓурегионална и прекугранична соработка.
Регионалниот развој е во согласност со стандардите на ЕУ за развој на регионални структури кои се фокусираат на урамнотежен развој на регионите и земјите во целата Унија. Регионалната политика се смета за интегрален дел на севкупната политика на одржливиот развој и компетитивноста. Според Законот за рамномерен регионален развој (член 3), цели на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој се:
→ рамномерен и одржлив развој на целата територија на Република Македонија, заснован врз моделот на полицентричен развој;
→ намалување на диспаритетите помеѓу и во рамките на планските региони и подигнување на квалитетот на животот на сите граѓани;
→ зголемување на конкурентноста на планските региони преку јакнење на нивниот иновациски капацитет, оптимално користење и валоризирање на природното богатство, човечкиот капитал и економските особености на различните региони;
→ зачувување и развивање на посебниот идентитет на планските региони, како и нивна афирмација и развој;
→ ревитализација на селата и развој на подрачјата со специфични развојни потреби; и
→ поддршка на меѓуопштинската и прекуграничната соработка на единиците на локалната самоуправа во функција на поттикнување рамномерен регионален развој.

### 1.2.1 Финансирање на регионалниот развој

Согласно член 27 од Законот за рамномерен регионален развој (ЗРРР) како извори за финансирање на регионалниот развој утврдени се:

:: буџетот на Република Македонија (1% од БДП);
:: буџетите на единиците на локалната самоуправа;
:: фондовите на Европската унија;
:: други меѓународни извори;
:: донации и спонзорства од физички и правни лица и
:: други средства утврдени со закон.

Согласно член 29 од ЗРРР, средствата доделени за рамномерен регионален развој се распределуваат од страна на Владата на Република Македонија на следниот начин:

:: 70% за финансирање на проекти за развој на планските региони (овие средства се доделуваат на планските региони согласно степенот на развиеност на регионот; основа за определување на овој степен се индексот на економска развиеност и демографскиот индекс - ЗРРР, член 30);
:: 20% за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби (овие средства се доделуваат на ЕЛС во кои се определени подрачја со специфични развојни потреби - ЗРРР, член 31);
:: 10% за финансирање на проекти за развој на селата (овие средства се доделуваат на регионите, при што секој плански регион добива подеднаков дел - ЗРРР, член 32).

Средствата за финансирање на проекти се префрлаат на Бирото за регионален развој, кое пак ја спроведува одлуката за нивна распределба.

## 2. ПЕЛАГОНИСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Пелагонија е регион богат со најразлични ресурси. Иако територијално е релативно мал во однос на територијата која ја опфаќаат други региони од Европа, како, на пример, регионот Долна Нормандија, регионот Пелагонија според своите специфики е исклучително голем. Секое подрачје во неговите граници може да понуди креативност, што го прави уникатно препознатливо не само во Пелагонија, туку и во рамките на целата држава. За добивање нов квалитет и за постигнување на вкупен развој на регионот потребна е синергија на сите фактори. Тоа вклучува тесна соработка помеѓу сите актери вклучени во самите процеси. Ова особено се однесува на културата како област.
Според фактичката ситуација, јавните институции во најголема мера се креатори и носители на развојните политики во полето на културата. Тоа е овозможено благодарение на искористувањето на ресурсите кои се добиваат од државните фондови и фондовите на локалните самоуправи, кои се многу поскромни за разлика од националните. Меѓутоа, ни едните ни другите не можат самостојно да одговорат на потребите за забрзан културен развој, а со тоа и општ развој на целиот регион. Во прилог на ова, мора да се спомне и фактот дека бизнис заедницата не само во овој регион туку и пошироко, ја нема препознаено потребата да се вклучи во поддршка на културата.

Со Стратегијата за културен развој на Пелагонискиот регион ќе се придонесе кон исполнување на визијата на регионот: „Да бидеме регион со брендирана автентичност, со висок квалитет на живеење, перспективна иднина за нашите жители, економски раст и одржлив развој по европски критериуми“. Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион е институција што имплементира развојни политики претходно усвоени

од Советот за развој на Пелагониски регион. Културата е област што е опфатена со процесот на децентрализација каде главни носители на културниот развој се токму единиците на локална самоуправа. Центарот за развој на Пелагонискиот регион е институцијата што го има мандатот, во соработка со сите засегнати страни, да ја исцрта рамката за регионален развој, тука вклучувајќи ја и културата како една од приоритетните области на Пелагонискиот регион.

## 2.1 ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

Пелагонискиот регион е еден од осумте плански региони во Република Македонија. Се наоѓа во југозападниот дел на Република Македонија и по површина е најголемиот плански регион во државата.[25] Вкупниот број на население кое живее во Пелагонија е 233.306 жители[26], кои живеат во вкупно 343 населби, од кои 338 се рурални населби, а 5 се градски средини.

Општините кои го сочинуваат Пелагонискиот регион се: Битола, Прилеп, Ресен, Крушево, Демир Хисар, Новаци, Могила, Кривогаштани и Долнени. Од овие општини, пет (Битола, Прилеп, Демир Хисар, Ресен и Крушево) се урбани, а останатите четири (Новаци, Могила, Долнени и Кривогаштани) се рурални. (слика 2).



2

Најголемиот дел од населението кое живее во Пелагонискиот регион е ангажирано во индустрискиот сектор, земјоделскиот сектор, градежниот сектор и услужниот сектор. Според податоците на Државниот завод за статистика собрани во 2005 година, БДП по глава на жител на Пелагонискиот регион изнесувал 6.342 евра, што е за 4% проценти повисоко за разлика од националниот просек, а само 28 % од просекот од земјите на Европската унија.

Покрај придонесот кон економскиот развој на компаниите кои работат во границите на Пелагонискиот регион, една од главните карактеристики на Пелагонија се и занаетите, кои се негуваат тука во текот на повеќедецениски период и се доведени до степен на уметност заради културните вредности на производите. Некои од најпознатите занаети се:

- → бочварскиот занает;
- → занаетот на рачно изработување на плетени производи кои се употребуваат како украс во домаќинствата не само во регионот, туку и во целата држава;
- → калајџискиот занает;
- → столарскиот занает и
- → керамичкиот занает.

Оваа економско-општествена дејност на дел од населението во Пелагонискиот регион, покрај тоа што обезбедува продолжување на долгата традиција наследена од прадедовците, на оние кои ја практикуваат им обезбедува дополнителен приход или во одредени случаи егзистенција.
Пелагонискиот регион покрај својата огромна важност што ја има за економијата на целата земја, како најголема житница во Република Македонија, претставува и една од главните креативни средини каде се создавала, негувала и менувала културата на Република Македонија, а која извршила влијание и на целокупната култура на Европскиот континент.

## 2.2 КРАТОК ИСТОРИСКИ ОСВРТ НА КУЛТУРАТА ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

Регионот Пелагонија со право може да се нарече лулка на културата во Република Македонија. Луѓето што живееле тука оставиле длабока трага на своето време низ вековите наназад. Нивната култура, пренесувана од генерација на генерација и менувана под влијание на настаните кои се случиле тука, е видлива денес преку богатото историско наследство (археолошките наоѓалишта, црквите, манастирите, градската архитектура), а и низ социолошките елементи на секојдневниот живот. Пелагонија е ризница на македонската традиција и нејзините жители се особено горди на тоа. Денешната култура, препознатлива за регионот, е резултат на богатата историја на овој дел од светот. Многу цивилизации биле присутни тука, оставиле траг и дале свој придонес во градењето на идентитетот. Ткаењето на денешната култура почнува уште со првите населувања на регионот во бронзената доба. Остатоци од овој период можеме да сретнеме во близината на средновековниот манастир „Пресвета Богородица“ во близина на село Зрзе, општина Долнени. Во блиската околина на манастирот најдена е пештера во карпа од оваа доба, во која се пронајдени и керамички садови изработени

[25] Стратегија за рамномерен регионален развој на Република Македонија 2009-2019, стр. 7, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 119 од 30.9.2009 година

[26] Процени на населението на 30.6.2011 и 31.12.2011 година според полот и возраста по општини и по статистички региони (НТЕС 3 - 2007 година), Статистички преглед: Население и социјални статистики, Државен завод за статистика на Република Македонија, Скопје, јули 2012 година, стр. 67, преземено на 1.8.2013 година, http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.12.08.pdf.

од најстарите жители во овој дел на регионот. Исто така, при неформални ископувања во овој дел од регионот најдени се и фрагментирани остатоци од керамика. Од бронзеното доба, Радоборската тумба која се наоѓа на територијата на општина Могила се смета дека е местото каде била формирана првата работилница за грнчарија на Балканот, чии артефакти се изложени во галеријата на НУ Завод и Музеј Битола (слика 3 - Радоборска грнчарија, XV в.пред н.е.).

Културата доживува значаен процут во Римското доба, период од кој денес се видливи голем број на културни остатоци и кои се дел од големото наследство присутно во Пелагонија. Од раноантичкиот период во Пелагонија секако најпозната е Хераклеја (Heraclea Linkestis), археолошки локалитет кој се наоѓа на јужната периферија на градот Битола. (слика 4). Овој антички град бил изграден во текот на IV век п.н.е. од страна на македонскиот крал Филип II. Хераклеја ја красат остатоци од сакрални објекти, украсени со уникатни мозаици, кои заедно со ранохристијанските верски објекти, портикот на судницата, термалната бања, и театарот, го ставаат овој антички град високо на пиедесталот на археолошки остатоци со непроценливо значење за македонскиот народ и за културата на другите европски народи.


3

Во текот на VI и VII век на територијата на Балканскиот Полуостров се населуваат Словените, кои со себе ги донеле и своите обичаи и традиции. Преку процес на културна размена со резидентното население, тие се втемелиле во современата култура на денешните жители. Во времето на средниот век и византискиот период биле создадени огромен број духовни објекти денес присутни на територијата на Пелагонија. Најголемиот дел од нив, освен својата огромна историска и културна вредност, и денес ја имаат истата намена за која првично биле создадени - изведување на духовни обреди и ширење на христијанската мисла. Од бројните цркви и манастири изградени во овој период би го споменале манастирот „Трескавец" оддалечен од градот Прилеп само 10 километри. Манастирската црква „Успение на Пресвета Богородица" е изградена во XIII век, за подоцна низ вековите целиот манастирски комплекс да биде уриван и повторно возобновуван (слика 5). Манастирот денес има монашки ред и е честа дестинација за посета не само на жителите на Пелагонија, туку и на голем број странски гости.

Петвековното владеење на Турската империја е видливо преку присуството на големиот број духовни објекти поврзани со муслиманската култура. Џамии со исклучително вредност денес можат да се посетат на територијата на општините во Пелагонија. Најпознати репрезенти на овој период се Јени џамија (слика 6), Исак џамија и Ајдар-Кади џамија во Битола, Чарши џамија во Прилеп и Хаџирамаданова џамија во Ресен. Сите датираат од периодот XV-XVI век. Како значаен природен локалитет и споменик од културата треба да се спомене и Тврдината на Крале Марко (Маркови Кули, слика 7). Обѕидието на овој терен потекнува од XIII-XIV век. Од 1985 година овој споменик е на привремена листа на УНЕСКО за светско и природно наследство.

На преминот од XIX кон XX век за Македонската нација се случиле многу важни настани, кои потоа неминовно ја менувале и македонската култура. Почетокот на XX век е обележан со славното Илинденско востание, по кое за првпат е формирана Крушевската република. Од овој период низ целиот регион, а особено во Крушево, можат да се сретнат артефакти кои потсетуваат на славните денови на револуционерната борба. Леарницата за куршуми, музеите на НОВ и Илинден, спомениците „Илинден" (во кој се наоѓа гробот на легендарниот војвода Никола Карев, слика 8) и „Мечкин Камен", денес гордо стојат и потсетуваат на желбата за слобода на македонскиот народ. Во почетокот на XX век, исто така, изграден е и денешниот Дом на култура во Ресен, попознат како Сарај заради својот нетипичен изглед (слика 9). Објектот е изграден во неокласичен стил, по примерот на француската архитектура.


4


5


6


7


8


9

Овој објект е само уште еден доказ за големиот број на културни влијанија кои се испреплетле на територијата на регионот Пелагонија и кои на свој начин дале придонес кон денешното модерно живеење.

Во периодот по Балканските војни, со вештите раце на тајфите на пелагониските мајстори е изградена уникатна градска архитектура, која претставува белег на македонската традиција и е препознатлива не само на Балканскиот Полуостров, туку и низ целиот свет. Куќи и други објекти изградени во овој период, и денес во одлична состојба, можат да се видат и посетат во сите населени места на Пелагонискиот регион. Особено убави се објектите на „Широк Сокак" во Битола и градската архитектура на Крушево.

Културата во Пелагонискиот регион е претставена и преку кујната типична за овој регион. Вкусните јадења и денес се подготвуваат со истата страст како и во периодот на нашите баби и прабаби. Најпознатите јадења во регионот: тавче-гравче, ширден, ципонки, чкембе чорба, полнети пиперки, мусака и сарма и најразлични видови на сирења, кашкавали и други млечни производи се неизбежен дел од менијата на традиционалните ресторани и од трпезата во домовите на луѓето од регионот.
Традиционалните обичаи и во денешно време се негуваат ревносно, токму како во времето кога биле создадени. Целокупниот животен стил на луѓето во Пелагонија е со особени карактеристики и е познат како боемски.

Денес овој регион освен тоа што изобилува со традиција и културно богатство, исполнет е со нова, современа култура и уметност. Во регионот се основани национални театри во Битола и во Прилеп, споменици и музеи, галерии, домови на култура, и бројни манифестации кои денес ја развиваат културната содржина. Некои од значајните манифестации се Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински" во Прилеп, фестивалот на „Актерот на Европа" во Ресен, Интернационален фестивал за филмска камера „Браќа Манаки" во Битола, Крушево Етно Град, Фестивалот на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски" во Долнени итн. Исто така, регионот изобилува и со приватни и национални галерии и галериски простори и тоа: Галерија „Магаза" во Битола; „Украс", Ателје за резба, Изложбена галерија на градската библиотека „Борка Талески", Галерија на икони при НУ Завод и Музеј во Прилеп; Уметничка галерија „Никола Мартиноски" во Крушево; Галерија во Дом на културата во Ресен, Приватниот етно музеј и Ресенската керамичката колонија чија збирка е уникатна и обемна.

Значајна е да се спомене и сè поголемата активност на граѓанскиот сектор кој развива програми значајни за развојот на современата култура во регионот. Некои од препознатливите се: „АКТО" - Фестивал за современи уметности во организација на НВО „Факултет за работи што не се учат" во Битола, „Битола отворен град" во организација на Младински културен центар (МКЦ) - Битола, резиденцијалниот простор во Слоештица на Арт Поинт Гумно, како и активностите на приватните театри Детски театар „Бабец" и Мал драмски театар од Битола.

## 2.3 СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

Во деветте општини кои се дел од Пелагонија, сликата во културата според статистичките податоци е следна:
Во текот на една година во периодот од 2010 година наваму, во регионот се организираат 24 фестивали, кои опфаќаат промоција на различни сегменти од културата. Во Пелагонискиот регион има 8 перманентни изложби и голем број на периодични изложби, особено во текот на летните месеци кога во општините се организираат културни лета. Во текот на една година, во Пелагонија се организираат најмалку 5 уметнички колонии. Во рамките на општините во Пелагонискиот регион постојат вкупно 14 институции кои имаат директен мандат да го поддржат и забрзаат културниот развој на регионот. Во рамките на регионот, засега се организира само еден карневал, кој има интернационален карактер а општината Прилеп, која го организира, е членка на Европската федерација на карневалски градови. Во границите на Пелагонискиот регион прогласени и промовирани се вкупно 16 споменици на културата. Пелагонија има

5 музеи, 9 галерии, 1 кино и 4 театри. Што се однесува до статистичките податоци, кога се работи за Пелагонискиот регион се чини дека најимпозантни се бројките кои се однесуваат на верските објекти. Во Пелагонија има повеќе од 150 цркви, 6 џамии и повеќе од 25 манастири кои се градени во сите различни историски периоди почнувајќи од ранохристијанство, па сè до периодот на новото време и XX век. Исто така, Пелагонискиот регион е особено богат и со археолошки наоѓалишта - околу 145, од кои само во делот на Преспа ги има околу 130.

# III МЕТОДОЛОГИЈА НА РАБОТА ЗА РАЗВОЈ НА СТРАТЕГИЈАТА И РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНАТА МЕТОДОЛОГИЈА

## 1. МЕТОДОЛОГИЈА НА РАБОТА

Во рамките на програмата за Децентрализирана соработка во 2010 година, активностите на оската за културни политики кои се спроведуваат на територијата на Република Македонија го ставија регионот во фокус и се насочија кон територијален развој преку културата земајќи го регионот како нововоспоставена функционално-територијална единица, која обединува повеќе единици на локална самоуправа. Целта на работата беше да се развие Регионална стратегија за развој на културата согласно со карактеристиките, потребите и потенцијалите со кои располага регионот, во рамки на воспоставената законска рамка во доменот на територијална организација и културата во Република Македонија. Отвореноста за соработка на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион овозможи развој и имплементација на програмата и методологијата на работа и во текот на следните три години (2011-2013) ќе води кон креирање на апликативна стратегија за култура на регионот за периодот 2013-2016 година. Методологијата на работа опфати:

### 1.1 ПРЕДАВАЊА, ДИСКУСИИ, ПРЕЗЕНТАЦИИ НА УСПЕШНИ СТУДИИ НА СЛУЧАЈ, РАБОТА ВО ГРУПИ И АНАЛИЗИ НА ТЕРИТОРИЈАЛНИОТ И КУЛТУРЕН КОНТЕКСТ И КУЛТУРНИТЕ АКТЕРИ/КРЕАТОРИ ВО ПЕЛАГОНИЈА;

### 1.2 СПРОВЕДЕНИ ПРАШАЛНИЦИ ВО ОПШТИНИТЕ, КУЛТУРНИТЕ ИНСТИТУЦИИ, ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ И ПОСТОЈНИТЕ КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКИ МАНИФЕСТАЦИИ ЗА НАЧИНОТ НА ОРГАНИЗАЦИЈА, СИСТЕМАТИЗАЦИЈАТА, ФИНАНСИРАЊЕТО, РАЗВОЈОТ НА ПРОГРАМА, ФОРМИТЕ НА СОРАБОТКА, КОМУНИКАЦИЈАТА И РАЗВОЈОТ НА ПУБЛИКА ИТН. ЗА СЕКОЈА КАТЕГОРИЈА НА ИСПИТАНИ СУБЈЕКТИ;

### 1.3 РАЗМЕНА НА ИСКУСТВО И ЗНАЕЊЕ ЗА НАЧИНОТ НА РАБОТА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА СЕКТОРОТ ЗА КУЛТУРА НА НИВО НА ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И ИНСТИТУЦИЈА, КАКО И НА ФОРМИТЕ НА ВОСПОСТАВЕНА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ КУЛТУРНИТЕ АКТЕРИ НА ОДРЕДЕНА ТЕРИТОРИЈА ПОМЕЃУ ПЕЛАГОНИЈА И ОБЛАСТА НА ЗАЛИВОТ МОН СЕН МИШЕЛ.

## 2. РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНАТА МЕТОДОЛОГИЈА НА РАБОТА

### 2.1 ПРЕДАВАЊА, ДИСКУСИИ, ПРЕЗЕНТАЦИИ НА УСПЕШНИ СТУДИИ НА СЛУЧАЈ, РАБОТА ВО ГРУПИ И АНАЛИЗИ НА ТЕРИТОРИЈАЛНИОТ И КУЛТУРНИОТ КОНТЕКСТ И КУЛТУРНИТЕ АКТЕРИ/КРЕАТОРИ ВО ПЕЛАГОНИЈА

Овој дел се имплементираше преку организирање на работилници за анализа на состојбите, потребите и потенцијалите на културата во регионот, работилници за градење на капацитети на засегнатите страни (претставници на општини и културниот сектор, институционален и граѓански, од Пелагонија) и редовни средби и дискусии помеѓу координаторите (Локомотива и ЦРППР) и засегнатите страни. Работилниците и средбите се организираа во текот на три години (2011-2013) како резултат од потребите на вклучените страни, со цел разбирање на проблематиката и проактивно учество. По барање на засегнатите страни беа организирани работилници и предавања посветени на стратешко планирање, проект менаџмент, финансирање во културата, вмрежување, туризмот во функција на едукација и култура. На овие работилници беа организирани работа во групи и дискусии кои се однесуваа на анализа на одредени сегменти на културата во Пелагонискиот регион. Моделите на работа, дискусиите, презентациите и работењето во групи беа водени од страна на Локомотива и поканети истакнати експерти од Македонија, Србија и Долна Нормандија.
Слики од работилниците реализирани во 2011, 2012 и 2013 година
Во **првата фаза** на имплементација на оваа методологија со учество на засегнатите страни се оствари следните резултати:
→ се дефинираше културата на ниво на секоја општина и на ниво на регион кој ги



обединува врз основа на познавањата на контекстот, културните карактеристики на регионот и искуството од секторот од кој доаѓаат засегнатите страни;
→ се мапираа јавните и алтернативни културни простори/сцени кои постојат во Пелагонија, културните креатори/актери, постојните културно-уметнички програми и начинот на нивна продукција - финансирање и формите на воспоставени интерсекторски соработки.
Врз основа на ова мапирање, во текот на 2011 година се направи поопсежно истражување за изработка на регистри на јавни културни институции, манифестации, здруженија на граѓани и самостојни уметници кои активно работат во Пелагонискиот регион, како и на постојни проекти и активности кои имаат потенцијал за развој на културен туризам и културни индустрии. Регистрите беа изработени од страна на формираната Координативна група (КГ) составена од 4 членови - претставник на општина и претставници на институционалниот и граѓански културен сектор од регионот. Оваа група, во период од три месеци, врз основа на постојните информации воспостави директни контакти со културните актери и креатори од Пелагонија и врз основа на добиените информации ги изработи регистрите како сеопфатна/единствена база на активни чинители во културата, достапна до сите засегнати страни:

→ преку дискусија и работа во групи се утврдија проблемите, потенцијалите и потребите (како да се решат проблемите преку потенцијалите) во доменот на култура на ниво на регион;

→ согласно резултатите од спроведените дискусии, истражувања и работа во групи се направи првична дефиниција на визијата, мисијата и целите за развој на културата во регионот, а се дадоа и предлози за слоган и визуелен идентитет на Пелагонија;

→ воспоставената Координативна група беше главно тело кое во координација со Локомотива и ЦРППР продолжи во оваа фаза да работи на прибирање на податоци за начинот на работа и организација на културниот сектор преку контактирање, доставување и собирање на резултати од прашалници наменети за културните институции, здруженијата на граѓани и постојните културно-уметнички манифестации од Пелагонискиот регион. Прашалници беа доставени и до општините од страна на ЦРППР. Одговорите на прашалниците од сите категории на испитувани субјекти беа доставени до Локомотива, која во текот на 2012 година направи сеопфатна анализа. Анализата од ова истражување е прикажана во делот што следи (2.2).

**Втората фаза** опфати:

→ дискусии и работата во групи од кои произлезе заедничкиот интерес на засегнатите страни за интерсекторско поврзување на културата со туризмот, кој беше земен предвид при дефинирање на активностите на работа во третата фаза поврзани со развој на модели и проекти на интерсекторска соработка во рамки на регионот и потреба од заедничко, координирано и планско делување; и

→ изработка на SWOT анализа како резултат на работата во групи на претставниците на општините и културните институции за време на работилницата во Битола во 2012 година. (слика 10)

### СИЛНИ СТРАНИ

- :: богато културно наследство (археолошки локалитети, архитектонско наследство, природни реткости, обичаи, традиционални занаети)
- :: културни институции (музеи, домови на култура, НВО, општини)
- :: стручни лица (археолози, кустоси, уметници, јавна администрација) бројни културни манифестации и културна понуда
- :: можност за размена на искуства голема волја за реализација на културни проекти
- :: медиуми

### МОЖНОСТИ

- :: достапност до меѓународни фондови (ИПА - прекугранична соработка со Грција)
- :: Европски политики за регионален развој
- :: релативно добра патна инфраструктура
- :: зголемен број на туристи
- :: близина на соседните држави (меѓународна соработка)

### СЛАБОСТИ

- :: недоволна грижа за културното наследство
- :: недоволни средства (финансиски слаби општини)
- :: слаба економска развиеност
- :: недоволно вработен кадар во општините
- :: несоодветна систематизација
- :: недоволна регионална
- :: институционална поврзаност
- :: немање институционални стратегии
- :: неуредна техничка документација
- :: недостаток на техничка опрема
- :: лош маркетинг
- :: несоодветни просторни капацитети
- :: неразвиена инфраструктура
- :: непостоење на соработка со бизнис секторот
- :: немање на културни и туристички водичи и програми
- :: немање заинтересираност и солидарност
- :: недоволен проток на информации

### ЗАКАНИ

- :: партиски вработувања (смена на директори и јавна администрација)
- :: недоволна свесност на населението за регионални и локални културни политики
- :: Воведување на новини - неприфаќање од страна на населението
- :: недостапност до финансиски средства

10

**Третата фаза** следеше како резултат на добиените резултати од претходните две фази и овозможи развој на конкретни активности и проекти кои ќе бидат вклучени во стратегијата како дел од планот на активности за 2013 година.

→ Поради покажаниот интерес за интерсекторско поврзување на културата со туризмот, за време на работилницата во 2012 година, од страна на засегнатите страни беа поканети партнерите од областа на заливот Мон Сен Мишел да направат презентации и студии на случај за постојните програми за развој на туризмот на одредена територија/институција преку културни активности и анимација развиена за посебни групи на корисници. Во контекст на тоа, исто така, се претставија и современите пристапи во развој на туристички понуди базирани на холистички пристап, согласно кој туристот не е повеќе само набљудувач, туку и интерактивен учесник во понудените програми и содржини. Со цел подобра координација и понуда на постојните културни и туристички знаменитости на поширока територија составена од повеќе единици на локална самоуправа, како и форма на интерсекторско поврзување на јавниот и бизнис секторот, се претстави во форма на студија на случај мрежата на туристички бироа, развиена на територијата на областа на заливот Мон Сен Мишел. Резултатите од овие презентации доведоа до креирање на работни групи во Пелагонија кои ќе работат на развој на проекти на ниво на дефинирани подрегиони за креирање на специфични културно-туристички тури, кои ќе бидат вклучени како дел од планот на активности на стратегијата.

→ Оваа методологија на работа базирана на партиципативниот пристап воспоставена во Пелагонија резултираше со локална иницијатива за развој на културна политика на општина Битола на која во иднина ќе се работи под координација на МКЦ - Битола и општина Битола, а во процесот ќе се вклучи и целокупниот културен сектор кој работи на територијата на оваа општина.

→ Преку серија на предавања во комбинација со интерактивна дискусија и работа во групи во оваа фаза се овозможи и јакнење на организационата структура на Мрежата за културен развој на Пелагонискиот регион. Оваа мрежа беше развиена врз основа на резултатите од методологијата на работа спроведена под 2.3 (размена на искуства и знаења). Како резултат, пак, на методологијата базирана на предавања и работа во групи, се овозможи редефинирање на координативното тело на мрежата и начинот на утврдување на членство, план на активности на мрежата и работни групи за нивна имплементација, дефинирање на стратешките цели на регионот и утврдување на носителот на имплементацијата на стратегијата - Мрежата за културен развој на Пелагонискиот регион.

## 2.2 СПРОВЕДЕНИ ПРАШАЛНИЦИ ВО ОПШТИНИТЕ, КУЛТУРНИТЕ ИНСТИТУЦИИ, ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ И ПОСТОЈНИТЕ КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКИ МАНИФЕСТАЦИИ (НАЧИН НА ОРГАНИЗАЦИЈА, СИСТЕМАТИЗАЦИЈА, ФИНАНСИРАЊЕ, РАЗВОЈ НА ПРОГРАМА, ФОРМИ НА СОРАБОТКА, КОМУНИКАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ПУБЛИКА ИТН. ЗА СЕКОЈА КАТЕГОРИЈА НА ИСПИТАНИ СУБЈЕКТИ)

Анализата е базирана на резултатите од одговорите на прашалниците. Во случаи во кои податоците добиени од прашалниците се недоволни, со цел добивање на податоци за можно спроведување на анализата, направено е дополнително истражување врз основа на документи, одлуки и правилници од општините и Министерството за култура, како и директна комуникација со претставници на културниот сектор од Пелагонија.

### а) Анализа на состојбите во општини од Пелагонискиот регион

Во оваа категорија анализата се спроведе преку одговори на прашалници и доставување на органограм, статут и систематизација на општината. Заради подобра прегледност на анализата, приказот на резултатите е согласно засебните категории на поставени прашања, при што како дел од првото прашање е вклучена и анализата на доставените Статут и Систематизација на работни места во општините од Пелагонискиот регион.

### Третман и начин на организација на културата во општините од Пелагониски регион

Вршењето на своите надлежности општините го уредуваат согласно Статутот и другите прописи донесени од страна на Советот на општината. Една од надлежностите во секој од деветте општини согласно статутот е културата, во смисла на институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти, негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности, организирање на културни манифестации, поттикнување на разновидни специфични форми на творештво. Културата е застапена и третирана дејност од јавен карактер во општините, но не и приоритетна. Во рамките на Советот, во ниедна општина не постои посебна комисија за култура, а културата е главно третирана преку комисијата за јавни (општествени) дејности, заедно со образованието, здравствената заштита, социјалната и детската заштита, спортот и рекреацијата, јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот и противпожарната заштита. Во рамките на општинската администрација (организирана во сектори и одделенија), во ниедна општина не постои посебен сектор или одделение

за култура. Надлежностите за култура во поголем дел од општините од овој регион се доделени на едно лице - самостоен референт или соработник, кое покрај културата, во своите надлежности најчесто ги има и образованието, спортот и социјалната, детската и здравствената заштита. Овие лица согласно систематизацијата на работни места во општината се дел од различни одделенија, на пример: Одделение за јавни дејности (во општина Прилеп, тоа функционира како дел од Секторот за правни, општи работи и јавни дејности); Одделение за правни, општи работи и јавни дејности во општина Кривогаштани; Одделение за урбанизам, заштита на животна средина и ЛЕР во општина Могила; и Одделение за економски развој и јавни дејности во општина Демир Хисар. Во општина Ресен постои Одделение за правни, општи работи и јавни дејности како дел од Секторот за правни, општи работи, јавни дејности и финансиски прашања, но во него сè уште нема назначено лице одговорно за култура, но е планирано да се назначи. Во општина Крушево, пак, постои советник за култура како дел од Одделението за економски развој и прекугранична соработка, додека во општина Битола како дел од Секторот за економски развој и јавни дејности во чиј состав функционира Одделението за јавни дејности, постои канцеларијата за култура со едно вработено лице - советник за култура, и административно-техничко лице (вработено по договор).
Лицата одговорни за култура во општините ги имаат следниве задолженија: менаџирање и организација на културни проекти кои се организирани од општината, помош во имплементација на културни проекти кои се одржани од општината и комуникација со културните актери кои работат на територијата на општината (јавен и независен сектор) и со амбасади и конзуларни претставништва во Република Македонија. Некои од нив во опсегот на надлежности исто така водат и евиденција за културните и историските споменици, подготвуваат информации и извештаи за состојбите во културата, учествуваат во изготвување на програми за културни активности на јавните установи итн. Оттаму може да се заклучи дека општините од регионот, со исклучок Битола и Прилеп, не располагаат со доволни човечки капацитети чија основна и приоритетна дејност би била културата и нејзиниот локален развој. Доколку културата ја прифатиме како фактор за развој на одредена територија (економски и социјален), тоа подразбира и подобра форма на нејзина организација на ниво на општина. Во зависност од големината на општината, потребно е формирање на одделенија за култура или пак, назначување на лице/-а одговорни за култура кои би биле одговорни за развој на овој јавен домен. Исто така, од исклучителна важност е искористување на постојните механизми на граѓанска и експертска соработка и партиципација на професионалци - културни актери од институционалниот и граѓанскиот сектор во комисиите за развој и оценување на програми и проекти за култура, иницирани или пак поддржани од општината.

### Програми или стратегии за културен развој на ниво на општина во Пелагонија

Во општините на Пелагонискиот регион сè уште не постои локална културна политика или стратегија за културен развој. Поточно, во општина Ресен во 2008 година е донесена Стратегија за развој на културата за периодот 2008-2013, и не постои иницијатива за нејзино продолжување или креирање на нова развојна програма за културата во општината по 2013 година. Постојат други стратегии, како на пример: Стратешки план за економски развој во општина Долнени во која се обработени стратешки активности за туризам, културни манифестации и споменично наследство, донесена во 2007 година; Локална младинска стратегија во областа на културата во општина Прилеп; Стратегијата за развој на туризмот во општина Битола 2009-2014; Стратегија за локален развој на општина Битола 2009-2014; Стратегија за соработка на општина Битола со граѓанскиот сектор и негов постојан развој 2012-2015; Стратегија за развој на општина Ресен 2007-2012. Во Стратегијата за ЛЕР и Подстратегијата за рурален развој на општина Могила се третираат и теми од културата.
Во поголемите општини постои програма за култура (во општина Битола двегодишна, а во останатите едногодишна), која се изгласува од страна на Советот на општината, по предлог на советникот за култура или лицето во општината во чија надлежност е доменот за култура. Во зависност од големината на општината и годишниот расположлив буџет, програмата за култура опфаќа план на активности во кои предност се дава на културни манифестации и фестивали (пред сè, од повторлив или јубилеен карактер) во организација на општината или културните институции/независни организации кои работат на територијата на општината, потоа на регионална и интернационална културно-уметничка размена и соработка, афирмирање на материјалното и духовното културно наследство и идентитет, манифестации насочени кон поттикнување и развој на туризмот итн. Во помалите општини не постои програма за култура (Демир Хисар, Могила, Кривогаштани, Новаци, Долнени) и во нив согласно изгласаниот годишен буџет од советот тековно се решава кој тип на активности ќе бидат поддржани, а во најголем дел се културни манифестации од традиционален и културно-историски карактер. Поради состојбата на блокирана сметка на општината Демир Хисар, таа нема средства наменети за култура и уметност. Може да се заклучи дека е потребно подобро планирање на културата и нејзиниот развој на ниво на општина. Развојот на локални културни политики треба да биде еден од идните приоритети во културата на ниво на општина, а во меѓувреме постоењето на најмалку едногодишни програми за култура треба да биде воспоставено во сите општини од регионот, без разлика на нивната големина.

### Финансирање на културата во општините: начин и обем на финансирање, инструменти за поддршка, начин на распределба на финансиски средства (инструменти/корисници)

Во дел од општините постои посебен фонд за култура чии извори на средства, специфично за секоја општина, произлегуваат од општинскиот буџет, средства доделени од страна на Министерството за култура, даночните приходи на општината, како и средства од спонзори, партнери, донатори и средства од Владата на Република Македонија. Износот на овој општински фонд за култура варира од општина до општина, на пример, општинскиот буџет на култура за 2011 година во општина Битола изнесувал

40.000.000 денари, додека во општина Ресен 85.000 денари. Во некои од општините не постои посебен фонд за култура (Демир Хисар, Долнени, Кривогаштани), но сепак за тековната година од вкупниот општински буџет се алоцираат одредени средства за реализација на културни манифестации или поддршка на независни уметници и организации со решение на градоначалникот или на Советот на општината.
Распределбата на средствата од буџетот се врши на различен начин. Во општините во кои постои програма за култура (како на пр. во општините Битола, Прилеп, Ресен), средствата се доделуваат согласно изгласаната годишна програма. Покрај директно издвојување на средства согласно програмата за позначајните културни манифестации во општината, остатокот од средства се доделуваат по пат на јавен конкурс. На конкурсот имаат право да аплицираат сите културни актери (културни институции, здруженија на граѓани, независни уметници). Одлуките за финансирање на проекти се донесуваат, главно, од Советот на општината со одобрување на градоначалникот или од комисијата за финансирање и буџет од Советот на општината.
За да се овозможи планиран и одржлив развој на културата и културната продукција и во овој сегмент потребно е добро планирање и утврдување на соодветни: 1) критериуми за поддршка на проекти врз основа на прифатени развојни приоритети како дел од годишната програма за култура (која треба да биде развиена во секоја општина) и 2) механизми за распределба на годишниот буџет за култура со цел поддршка на целокупниот културен сектор.

### Општината како иницијатор и организатор на културни настани и манифестации

Сите општини во Пелагонискиот регион се јавуваат како иницијатори и организатори на културни настани и манифестации од различен тип: културни лета, филмски, театарски и музички фестивали, писателски средби, саеми на книга, различни фолклорни фестивали (на народни танци, инструменти, носии), денови и манифестации на значајни настани и личности од историјата на општината и земјата. Ако се земе регионот во целост, поголем дел од овие манифестации се од традиционален тип и го промовираат културното и историско наследство, додека во помал обем се третираат современата културна продукција и уметност.

### Јавни културни институции во надлежност на општините, нивно финансирање и управување

Во општините од регионот постојат и работат јавни културни институции од национален карактер, кои се под надлежност на државата (т.е. Министерството за култура) и јавни културни институции од локален карактер, кои се под надлежност на општината. Во дел од малите општини од регионот не постојат јавни културни институции во надлежност на општината (Кривогаштани, Новаци), во друг дел постојат згради, објекти на домовите на култура, кои се неактивни и во лоша состојба (Долнени). Во Могила, објектот на Домот на култура е реконструиран и е иницирана постапка на добивање на статус на јавна институција. Во општините Демир Хисар, Крушево и Ресен во надлежност на општината се домовите на култура кои имаат активна улога во креирањето на културна и уметничка содржина во општината. Во Прилеп, во надлежност на општината е библиотеката ЈОУ „Борка Талески“. И покрај тоа што се под надлежност на општината, околу 90% од нивното работење е финансирано од страна на Министерството за култура преку блок дотации а останатите 10% се учество на општината, сопствено учество и приходи од донации од правни и физички лица. Во Битола, сите јавни културни институции се од национален карактер, и тоа НУ Народен театар Битола, НУ Завод и Музеј Битола, НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Битола и НУ Центар за култура - Битола. Од добиените податоци може да се заклучи дека клучните јавни културни институции кои работат на територијата на општините се во надлежност на централната власт, и тие како и оние кои се во надлежност на локалните власти имаат речиси целосна финансиска зависност од Министерството за култура. Во Националната стратегија за култура 2013-2017 воочлива е тенденцијата за скратување на структурните фондови за јавните културни институции и нивна поголема поддршка врз основа на проекти. Ова го загрозува понатамошното опстојување и работа на мрежата на јавни културни институции. Институциите мора да бидат свесни за оваа состојба и да ги искористат сите постојни механизми за јакнење на капацитетите на програмскиот и менаџерскиот тим и развој на стратегии базирани на јавно-граѓанско партнерство и кофинансирање врз основа на развојни и долгорочни проекти, развиени во соработка со останатите културни актери.

### Форми и обем на соработка на општините со граѓанскиот сектор од доменот на културата

Во сите општини од Пелагонискиот регион е наведена соработка со граѓанскиот сектор активен во доменот на културата. Сепак, интензитетот и формата на соработка е различна, посебно воочлива кај поголемите во однос на помалите општини. Ниедна од општините нема донесено документ односно програма со која се дефинирани облиците и формите на соработка со граѓанскиот сектор. Сепак, позитивно е што постои дијалог и желба за соработка, а формите на соработка, пред сè како поддршка на настани и манифестации од областа на културата, се дефинираат тековно (на годишно ниво согласно предложените активности и буџетот за култура со кој располага општината). Соработката е од помал обем во помалите општини (Демир Хисар, Долнени, Кривогаштани, Могила, Новаци), во која општината се јавува како поддржувач на дел од нивните активности. Кај овие општини постои желба за унапредување на формата на соработка со граѓанскиот сектор. Општина Битола освен како поддржувач на активностите на граѓанскиот сектор, овозможува и логистичка поддршка при изготвување на проекти и нивна имплементација во партнерство со општината. Во општина Прилеп, исто така, постои комуникација и партнерска соработка со граѓанскиот сектор, од користење на професионално знаење на припадници на граѓанскиот сектор при развој на општински програми за култура, до поддршка на граѓански инцијативи од технички, просторен и финансиски карактер. Општина Крушево согласно своите можности го вклучува граѓанскиот сектор во културните настани, но има потреба за зголемување

и дефинирање на формите на соработка. Во општина Ресен постои добра соработка со граѓанскиот сектор и тие заедно се јавуваат како партнери во организирање на културни манифестации и настани кои се случуваат на територијата на општината, како, на пример, фестивалот „Актерот на Европа", манифестацијата „Преспански јаболкобер", фестивалот „Преспански славеј" и др. Исто така, општината согласно буџетот за култура поддржува дел од активностите на граѓанскиот сектор. Во оваа општина постои иницијатива за вклучување на што поголем број граѓански организации и други независни актери во носењето одлуки при креирање на локалната културна политика, како и развој на партнерски проекти помеѓу општината и граѓанскиот сектор и заедничко аплицирање кон други фондови за нивна реализација.

### Интерсекторска соработка во општините и искористување на потенцијалот на културата за економски и социјален развој

Во општините не постојат дефинирани механизми и процедури на интерсекторска соработка и таа е присутна преку реализација на конкретни проекти, пред се локални и интернационални манифестации од културен и историски карактер. На тој начин на културата се посветува внимание како потенцијал за економски и социјален развој, односно како еден од клучните фактори во привлекувањето на домашни и странски туристи со што се подобрува општата економска состојба на општината и нејзините жители. Анализата на овој сегмент и согледувањето на можните форми на интерсекторска соработка во голема мера зависи од начинот на организирање на општинската администрација. Така, на пример, во малите општини, како Могила и Демир Хисар дејностите туризам, култура, образование и локален економски развој се во надлежност на исто лице, преку кое се овозможува поврзано делување на конкретни активности. Кај нив е воочен голем потенцијал за искористување на културното наследство и природно богатство, кое недоволно се искористува поради непостоење на финансиски средства, професионални капацитети а со тоа и развојни програми во општините. Во останатите општини конкретните проекти се овозможени преку соработка на различни одделенија во општината во кои се третирани овие дејности, како на пример, помеѓу одделението за локален економски развој и одделението за јавни дејности во општина Прилеп. Интересен е примерот на општина Ресен при организација на годишната манифестација „Преспански јаболкобер". Одделението во кое се третира локалниот економски развој ги презема организациски активности во промоција на манифестацијата, секторот за земјоделие е вклучен во активностите од свој аспект, додека образовните институции, културно-уметничките друштва, независните актери даваат свој конкретен придонес во програмската содржина.

## б) Анализа на состојбите во јавните културни институции и манифестации

### Анализа на одговорите на прашањата поставени на јавните културни институции

Согласно информациите добиени во циклусот прашања поврзани со општините во делот кој се однесува на соработката со јавните институции од културата може да се констатира дека: општините Кривогаштани и Новаци немаат културни институции; општината Долнени располага со неколку објекти - културни домови, кино сали кои се неактивни и во лоша состојба; Општина Могила има реконструиран Дом на култура за кој е иницирана постапка за добивање на статус на јавна институција; Демир Хисар, Крушево и Ресен ги имаат во надлежност домовите на култура како локални културни институции, а во надлежност на општина Прилеп е ЈОУ „Борка Талески". Согласно Одлуката за утврдување на мрежата на националните установи од областа на културата донесена од Министерството за култура во 2003 година, во Пелагонискиот регион како институции од национален карактер се вбројуваат: НУ Народен театар Битола, НУ Завод и Музеј Битола, НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" Битола и НУ Центар за култура - Битола од Битола; НУ Центар за култура „Марко Цепенков" (во чии рамки функционира Народниот театар „Војдан Чернодрински") и НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Прилеп од Прилеп; и НУ Историски музеј - Крушево од Крушево.
На прашалникот наменет за јавните културните институции што работат на територијата на Пелагонискиот регион, одговорија 5 институции од национален карактер кои работат на територијата на општина Битола, и тоа: НУ Народен театар Битола, НУ Центар за култура - Битола, НУУБ „Св. Климент Охридски" - Битола, НУ Историски архив - Битола, НУ Завод и Музеј Битола. Притоа, НУ Историски архив - Битола не е спомнат во одлуката за мрежа на национални установи иако е третиран како установа од таков тип од страна на испитаниците, и на тој начин ќе биде воден во оваа анализа. Дополнително беше доставен пополнет прашалник од страна на Зоолошка градина - Битола, која според систематизацијата влегува во категоријата културни институции. Сепак, за потребите на оваа анализа и типот на културни институции кои ги третира, одговорите доставени од Зоолошка градина - Битола не беа земени предвид.
Културните институции што беа опфатени во овој прашалник се институции од национален карактер. Согласно бројот и типот на културни институции кои одговорија на прашалникот, и покрај тоа што сите функционираат на територија на општина Битола, имаме репрезентативен примерок врз основа на кој може да се направи иницијална анализа на состојбите на јавниот институционален културен сектор.
Програмските содржини на овие институции се редовно и добро посетени од страна на публиката, како од генералната така и од професионалната. Возрасната структура на публиката е широка и опфаќа посетители и корисници од 7 до 77 години. Отстапка од ова се јавува кај НУ Историски архив - Битола поради специфичноста на дејноста, при што посетителите се, пред сè, професионалци или луѓе кои имаат потреба за користење на архивски материјали, а возрасната граница е над 20 години. Програмските содржини на овие институции се посетени од локалана, национална и интернационална публика. Бројот на посетители варира во зависност од актуелните програмски содржини и од сезоната. Забележен е поголем број на посетители во летниот период, паралелно со зголемување на бројот на туристи. Исто така, бројот на

публика е поголем за време на организирање на различни манифестации, фестивали од национален и интернационален карактер од самата институција, како и од други институции и организации. Со цел информирање и промовирање на своите содржини, институциите изготвуваат промотивни материјали наменети, главно, за генералната публика, но и дополнителни наменски публикации поврзани со конкретни проекти, за конкретна група корисници, од развоен и едукативен карактер. Институциите согласно дејноста покрај својата програма и продукција, остваруваат и соработки од различен тип (размена на програми, копродукции) со сродни институции од земјата и надвор од неа. Исто така, тие соработуваат и со граѓанскиот сектор преку различни форми на партнерска соработка, од давање на користење на расположливите техничките и просторни капацитети до заедничка реализација на културни и уметнички проекти. Освен во НУУБ „Св. Климент Охридски" Битола и НУ Завод и Музеј Битола, останатите институции немаат програми од едукативен карактер, наменети за различни групи и возрасти на корисници. Овие програми не се континуирани, а кога се организираат, нивните програмски содржини се развиваат во соработка со експерти и дел од вработените во институциите. Кога се организираат, тие се бесплатни и достапни до заинтересираната група корисници. Овој сегмент од работењето на институциите може да се заклучи дека е недоволно развиен а потребен. Институциите се заинтересирани во иднина да работат на развој на програми од едукативен карактер согласно опсегот на нивно делување и културните потреби на корисниците. Бидејќи станува збор за институции од национален карактер, нивното работење (оперативно, програмско и плати на персоналот) е речиси во целост покриено од страна на Министерството за култура. Постои можност за иницирање на дополнителни проекти кои би се финансирале од други регионални и интернационални фондови за култура, но тие не се искористени доволно. Искористувањето на овие фондови би имало значајна улога во подобрување и дополнителен развој на програмските содржини на самите институции, професионализација на постојните кадри во проект менаџмент и проширување на формите на регионална и интернационалана соработка. Во зависност од типот на институцијата, кај дел од нив дополнителни приходи се остваруваат преку продажба на билети или наплата на членарина. На проектна основа дел од институциите се подржани и од страна на општината, а во помал обем преку спонзорства од приватниот сектор.

### Анализа на одговорите на прашањата поставени на организаторите на културните манифестации

На прашалникот наменет за манифестации кои се одржуваат на територијата на Пелагонискиот регион одговорија организаторите на 16 манифестации, 15 од нив се организираат на територијата на општина Битола, една на територијата на општина Демир Хисар. Пелагонија е регион кој изобилува со културна и уметничка продукција, претставена преку различни манифестации од локален, национален и интернационален карактер. Манифестации од Пелагонија кои не одговорија на прашалниците а имаат релевантен карактер и треба да се споменат се: Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински" - Прилеп, Научно-културните средби „10 дена Крушевска република" - Крушево, фестивалите „Преспански јаболкобер" и „Актерот на Европа" - Ресен, фестивалот на народни инструменти и песни и „Пеце Атанасовски" - Долнени. Анализата е направена врз база на информациите добиени од страна на организаторите на манифестациите кои одговорија на прашањата, како и од информациите добиени од делот од регистрите посветени на манифестации од Пелагонискиот регион, изготвени во 2011 година. И покрај разноликоста на манифестациите кои одговорија на прашалниците, нивниот број е недоволен за да имаме репрезентативен примерок за сеопфатна анализа. Согласно споменатите регистри во Пелагонија, земајќи ги предвид сите девет општини, наведени се вкупно 72 манифестации, од кои 16 одговорија на прашалникот. Со цел креирање на сеопфатна база на податоци за манифестациите од регионот, вклучувајќи ги нивни карактеристики и специфики, Мрежата за културен развој на Пелагонискиот регион треба да работи на надополнување и ажурирање на постоечките податоци. На таа основа мрежата треба да изработи годишен календар на манифестации преку кој ќе се подобри координацијата на понудените културни содржини и ќе се овозможи развој на програми на посети за локални и странски посетители.

Како организатори на културните манифестации во Пелагонија се јавуваат јавни културни институции (национални и локални), општините, здруженија на граѓани и поединци, странски дипломатски претставништва, професионални и аматерски друштва. Како организатори на анализираните манифестации преку прашалниците се јавуваат: јавни културни институции од национален карактер (на пример, НУ Центар за култура - Битола, НУ Завод и Музеј Битола, НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" Битола); општина Битола; здруженија на граѓани (на пример, МКЦ - Битола, Елементи, Факултет за работи што не се учат, Центар за културна деконтаминација од Битола и Арт Поинт Гумно од Демир Хисар) или поединци, професионалци во областа во која работат; странски дипломатски претставништва (на пример, Француската Алијанса во Битола); и национални/локални професионални друштва (на пример, Друштвото на филмски работници на Република Македонија, Детско ликовно студио од Битола). Центарот за култура од Битола, како најголема културна институција во општината, се јавува како носител и организатор на повеќе различни манифестации (на пример, Фестивал на фолклорни игри и песни „Илинденски денови", Фестивал на музика од светот, Интернационален фестивал на монодрама).

Од постоечките манифестации во регионот како манифестации со интердисциплинарен карактер може да се споменат: Битолско културно лето „Бит-Фест" (фестивал на градот), „АКТО" - Фестивал за современи уметности (Битола), Младински арт фестивал „Битола отворен град", „Славење на пирејот" (село Слоештица, Демир Хисар), „Фем Фест" - Фестивал на уметност и музика направени од жени или за жени (Прилеп), „Крушево Етно Град" и други. Во овој контекст, како манифестации кои обединуваат различни уметнички и културни содржини од традиционален и современ карактер, може да се споменат и манифестациите кои се посветени на славење на традицијата,

религиозни празници и обичаи, јубилеи, славење на историски личности важни за локалната заедница: „Илинденски денови“ - интернационален фестивал на народни песни и игри (Битола), „Локум фест“ - фестивал на етно музика и ракотворби (Битола), Карневал „Прочка“ (Прилеп), Велигденски хепенинг (Ресен), Брезовски културни средби (село Брезово, Демир Хисар), Преспански културни средбавања (Ресен) и др.
Поголемиот дел на манифестации се дисциплинарно ориентирани и третираат: музика (класична: Музички вторник во НУ Центар за култура - Битола; сериозна: „Интерфест“ - Битола; современа: „Солстис“ - Битола; традиционална, етно и новокомпонирана народна музика: „Фолк Фест“ - Прилеп, Илинденски концерт на етно музика - Новаци; музика од светот: Фестивал на музика од светот - Битола; и музика за деца: „Си-До“ и „Тра-ла-ла“ во Битола; Фестивал на пејачи-аматери во Добрушево - општина Могила, кој има регионален карактер и 34-годишна традиција и др.), театар (Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински“ - Прилеп, фестивалот „Актерот на Европа“ - Ресен, Интернационалниот фестивал на Монодрама - Битола и др.), филм (Интернационален фестивал на филмска камера „Браќа Манаки“, „СТАВ“ - Фестивал за видео арт и експериментален филм, Интернационален фестивал на аматерски (непрофесионален) документарен филм „Камера 300“ во Битола), ликовна уметност („Мал битолски Монмартр“ и „Графичко триенале“ во Битола, „Уметничка колонија“ во Прилеп и др.), литература („Месец на книгата“ во Битола, Роднокрајна средба на писателите од Демир Хисар и др.), и манифестации за негување и промовирање на фолклорот, традицијата и историјата (интернационалниот Фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови“ - Битола, „Локум-фест“ - музика и традиција - Битола, Карневал „Прочка“ - Прилеп, Велигденски хепенинг - Ресен, „Денови на Смилевскиот конгрес“ - Демир Хисар, „Денови на македонската носија“ - Кривогаштани, „Водичарки“ - општина Могила, Фестивал на пејачи-аматери во Добрушево - општина Могила и др.).
Манифестациите се од национален („Месец на книгата“ - Битола, Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински“ - Прилеп и др.) и интернационален карактер (Интернационален фестивал на филмска камера „Браќа Манаки“ - Битола, (театарскиот) фестивал „Актерот на Европа“ - Ресен, Фестивалот на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски“ - Долнени, „Мал битолски Монмартр“ - Битола, Интернационален фестивал на монодрама - Битола, „АКТО“ - Фестивал за современи уметности - Битола и др.)
Најголем број од манифестациите се одржуваат еднаш годишно. Манифестација која се одржува на секои три години е манифестацијата „Графичко триенале“.
Главно, сите манифестации работат на одржување на континуитет во организирање и развој во програмските содржини што ги нудат. Континуитетот и програмскиот развој овозможува одржување на континуирана комуникација со публиката. Бројот на години на постоење на манифестациите (чии организатори одговорија на прашалникот) варира, и тоа од 7 до 44 години (заклучно со 2013 година). Бројот на публика е, исто така, различен и поголем кај манифестациите од традиционален (на пример, кај „Илинденски денови“, Научно културните средби „10 дена Крушевска република“) и интердисциплинарен тип (на пример, кај „Бит-Фест“, „АКТО“ - Фестивал за современи уметности) во однос на бројот на посетители кај поспецифични манифестации кои се обраќаат на одредена публика или возрасна група. Сепак, може да се заклучи дека локалната публиката ги прифаќа и редовно ги следи сите манифестации и ги идентификува како значајни културни настани кои се организираат на територијата на општината. Возрасната структура на публика е различна и главно ги опфаќа сите генерации, притоа кај дел од манифестациите постојат посебни програмски содржини наменети за одредена возрасна група. Сепак, постои специфичност кај одредени манифестации кои целат кон одредена возрасна структура, како, на пример, фестивали за деца (Интернационален детски музички фестивал „Тра-ла-ла“, „Мал битолски Монмартр“) и одредени дисциплинарни манифестации (Фестивал за монодрама - постари од 16 години, „СТАВ“ - Фестивал за видео арт и експериментален филм - постари од 20 години). Исто така, во манифестациите кои третираат одредена уметничка дисциплина или современа уметност постои поголемо присуство на професионална публика и љубители на одредени уметности во однос на генералниот опфат на разнолика публика кај останатите манифестации, особено кај тие од традиционален тип. Покрај од локалната, манифестациите се посетени и од публика што доаѓа од останатите делови на земјата, како и од интернационална публика. Интернационалната публика е поприсутна кај манифестациите кои се одржуваат во летниот период, поради присуството на поголем број туристи, како и кај манифестациите кои во својата програма вклучуваат поголем број гости - професионалци од странство („АКТО“ - Фестивал за современи уметности, Интернационален фестивал на филмска камера „Браќа Манаки“ и др.). Дел од програмските содржини на одредени манифестации се наменети исклучително за локалната публика, дел имаат потенцијал да бидат прикажани и во други општини од регионот или на територијата на земјата. Кај организаторите на вториот тип манифестации постои свесност за важноста на ваков тип на културна размена и желба за иден развој на овој сегмент. Кај некои манифестации оваа размена на културни содржини е веќе практика (на пример, кај дел од содржините на „Илинденски денови“, „Мал битолски Монмартр“, „Графичко триенале“, „СТАВ“ - Фестивал за видео арт и експериментален филм, „Славење на пирејот“ и др.).
Во однос на финансирање на културните манифестации, без разлика на културниот сектор од кој доаѓа организаторот, како поддржувачи на нивната реализација можат да бидат општините, Министерството за култура, различни регионални и интернационални фондови за култура, локални поддржувачи од бизнис секторот како спонзори и самофинансирање преку продажба на билети. Голем дел од манифестациите се поддржани од општината на чија територија се организираат, а дел од нив и од локални спонзори. Министерството за култура се јавува како кофинасиер на манифестациите организирани од страна на јавните културни институции и национални/локални професионални друштва. Оваа институција се јавува и како кофинансиер на одредени манифестации организирани од граѓанскиот сектор, но не во обем и континуитет како кај јавните институции.

Голем дел од манифестациите кои не наплаќаат билети имаат за цел промоција на одредена уметничка дисциплина и развој на публика. Во оваа категорија може да се спомenат: „Графичко триенале“, Фестивал на музиката „Солстис“, „СТАВ“ - Фестивал за видео арт и експериментален филм, „Мал битолски Монмартр“ и други. Програмските содржини на фестивалите за современа уметност („АКТО“ - Фестивал за современи уметности, Меѓународниот Младински арт фестивал „Битола отворен град“, „Славење на пирејот“ и други) се бесплатни, освен за одредени музички гостувања, со цел генерирање на дополнителни приходи за покривање на трошоците на ангажираните изведувачи, како и за покривање на дел од организациските трошоци на самата манифестација. Дел од манифестации како дел од нивната стратегија на остварување на приходи, продаваат билети и нивната продажба е солидна и во рамки на предвидените очекувани приходи (на пример, „Илинденски денови“, Фестивал на музика од светот, Интернационален фестивал на монодрама, Интернационален детски музички фестивал „Тра-ла-ла“, Меѓународниот Младински арт фестивал „Битола отворен град“).

### в) Анализа на здруженија на граѓани и слободни уметници

Земајќи предвид дека на прашалникот наменет за здруженија на граѓани и независни уметници, од Координативното тело добивме одговор од само едно здружение на граѓани и една неформална уметничка група, немаме репрезентативен примерок за анализа на овие категории на културни актери. Двата доставени прашалници се однесуваат на здружение (Арт Поинт Гумно од Демир Хисар) и неформална уметничка група (Етнокреатив ЈП&ПЈ од Битола).
Дел од опсегот на работа на граѓанскиот сектор беше опфатен преку анализа на одговорите на прашалниците за манифестации, на кои тој се јавува како организатор, анализите направени за време на работилниците каде присуствуваа претставници од граѓанскиот сектор и индивидуални интервјуа.
Граѓанските организации во Пелагонискиот регион имаа различен домен на дејност, од здруженија кои се занимаваат со развој и поддршка на културното наследство, фолклор и традиционални форми на уметност (земајќи ги предвид локалниот контекст и неговите културно-уметнички карактеристики и потенцијали) до здруженија што се занимаваат со современа уметност. Главно станува збор за здруженија со мал постојан тим (3-6 лица), кои работат хонорарно, или доколку има вработени тие се во мал број (1-2 лица), но во текот на организирање на своите активности се зголемува бројот на ангажирани лица и волонтери.
Поради непостоењето на структурна поддршка од страна на националните и локалните институции, редок е бројот на здруженија кои располагаат со сопствен простор, како работен, така и за прикажување на своите содржини. Дел од нив работат користејќи приватен/сопствен простор или простор под наем. Во ретки случаи, одредени јавни културни институции овозможуваат на одредено здружение времено да користи простор за работа во рамки на институцијата, без или со мал надомест. Како простори за прикажување на културните содржини се користат капацитетите на институциите (во партнерство, бесплатно - во форма на програмска соработка или со одреден надомест за техничкиот тим и опремата кои се користат од институциите), алтернативни, јавни простори или приватни простори.
Финансирањето е врз основа на проекти и проектни активности и главно во поголем процент покриено од страна на различни регионални и интернационални фондови за култура и уметност. Дел од овие средства, покрај тоа што се наменети за реализација на проектните активности, се користат и за исплата на хонорари за тимот како и за покривање на трошоците на работа (работен простор и оперативни трошоци). Постои и самофинансирање преку вложување на сопствени средства (во форма на користење на расположливи капацитети, техника и работа без надомест). Како кофинасиери се јавуваат и општините (пред сè кога станува збор за манифестации од локален и интернационален карактер кои се одржуваат во дадената општина) и Министерството за култура, чие учество е значително помало во однос на другите донатори. Во одредени случаи, постои и спонзорство од страна на приватни компании, најчесто во форма на бесплатни услуги (сместување, превоз, користење на техника итн.)
Карактеристично за овој сектор е големата соработка како со локални, така и со регионални и интернационални актери, при што дел од проектите се развиваат партнерски со други здруженија од земјата или надвор од неа. Исто така, главниот тим на здруженијата е флексибилен, динамичен и располага со развиени професионални и менаџерски капацитети во иницирање, водење и имплементирање на проекти (како од програмски, така и од административно-финансиски аспект). На тој начин, земајќи го предвид и контекстот во кој работат, се овозможува одржливост на здруженијата и нивната работа преку постојаната доедукација и активна работа на развој на нови проекти.
Здруженијата се значајни креатори на нови, современи културни и уметнички содржини и програми, кои недостигаат во програмските содржини понудени од институциите. Исто така, едукацијата преку различни неформални модели за различни групи на корисници е дел од нивната програмска определба, како и примена на различни интерактивни модели на анимација, привлекување и едукација на публика.
Посетеноста и интересот на локалната публика на понудените содржини од независните културни актери е задоволителна, како од домашна, така и од странска публика. Често се случува бројот на публика да е помал и главно составен од професионалци - практичари и теоретичари и студенти кај одредени современи форми на уметност, но, сепак, континуитетот на работа и анимација на публика преку нови и интерактивни форми, овозможува нивно прифаќање и следење од страна на генералната публика.

## 2.3 РАЗМЕНА НА ИСКУСТВО И ЗНАЕЊЕ ЗА НАЧИНОТ НА РАБОТА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА СЕКТОРОТ НА КУЛТУРА (НА НИВО НА ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И ИНСТИТУЦИЈА), КАКО И НА ФОРМИТЕ НА ВОСПОСТАВЕНА СОРАБОТКА МЕЃУ КУЛТУРНИТЕ АКТЕРИ НА ОДРЕДЕНА ТЕРИТОРИЈА ПОМЕЃУ ПЕЛАГОНИЈА И ОБЛАСТА НА ЗАЛИВОТ МОН СЕН МИШЕЛ

Во период од три години (2011-2013) се реализираа различни форми на размена на искуства и знаења помеѓу претставници на културниот сектори и единиците на локална самоуправа од Пелагонија и областа на заливот Мон Сен Мишел. Овој тип на размена на знаење се реализираше преку организирање на работни посети на повеќе заедници на заедници, јавни културни институции, туристички бироа и културни локалитети од територијата на областа Мон Сен Мишел. Во овие работни посети беа вклучени претставници на општини (градоначалници, одговорни лица за култура вработени во општините), јавни културни институции и претставници на граѓанскиот сектор од Пелагонискиот регион. Општините кои беа опфатени во овие посети се Битола, Прилеп, Ресен, Крушево, Демир Хисар, Кривогаштани и Могила.
Слики од работните посети реализирани во Долна Нормадија реализирани во 2011, 2012 и 2013 година




Процесот на децентрализација во културата во Франција, кој започна во 80-тите години на минатиот век, има поминато низ неколку фази. Тоа подразбира и поголемо искуство во негова имплементација, а со тоа и начин на организација на културата и нејзиниот развој на ниво на единиците на локална самоуправа. И покрај тоа што територијалната организација во Франција се разликува од територијална организација во Република Македонија, дологорочноста во спроведување на овој процес во Франција нуди различни примери и искуства. Запознавањето и анализата на начинот на територијална организација на културниот развој во Франција (Долна Нормандија) беа земени предвид при развојот на механизми за подобра меѓуопштинска и интерсекторска соработка во Пелагонија. Во насока на остварување подобар и рамномерен територијален развој, една од клучните компоненти е обединување или поврзување на секторот во форма на асоцијации или мрежи, со развоен и застапувачки карактер. На тој начин се овозможува системско и планирано делување на територијата, искористување на целокупните човечки и технички капацитети и развој на програми кои ќе одговорат на потребите на територијата и нејзините граѓани. Од анализата произлезе дека освен заедничко делување во рамки на секторот на една територија потребно е и

воспоставување на координирано делување помеѓу различните нивоа на управување: локално, регионално и централно. Во Македонија, за жал, сè уште не се развиени соодветни механизми и инструменти кои на вистински начин ќе овозможат поврзување на сите нивоа на управување, а со тоа и координирано делување во насока на поддршка на локалниот развој и потребите на локалните заедници. Од друга страна, на ниво на „заедница на заедници" во Франција се развиени механизми кои преку работата на службите за култура овозможуваат граѓанско учество - партиципативна демократија, во рамки на кои граѓаните можат да поднесуваат предлози на проекти кои не потекнуваат исклучиво од професионалци во полето. Во овој контекст, најважно е постоењето на јасни критериуми врз основа на кои се поддржуваат проекти - односно преку нив да се има позитивно влијание на развој на територијата и да се овозможи порамномерен развој. На тој начин се овозможува практикување на локална демократија и приближување на граѓаните - нивна идентификација со територијата, институциите и јавната политика која се гради на локално ниво. Во поглед на процесот на управување и програмско уредување на јавните културни институции развиени се механизми за делегирање на надлежности. Преку нив се дава можност на професионални асоцијации од приватниот сектор, согласно доставена програма, да добијат мандат за раководење со одредени јавни културни институции. Согласно информациите добиени врз основа на анализите на начинот на уредување на културниот сектор во Долна Нормандија и спецификите на територијално уредување во Македонија, се направи обид да се иницира развој на механизми кои ќе го подобрат начинот на планирање и работа на културниот сектор во Пелагонија. Оттаму во 2012 година се формираше првата асоцијација од ваков тип во Македонија - Мрежата за културен развој на Пелагонискиот регион, како неформално тело која ги опфаќа сите сектори и чинители во областа на културата од регионот. Мрежата има за цел да ја зајакне меѓуопштинската соработка во рамки на регионот, како и прекуграничната и интернационала соработка на регионот со други региони. При нејзиното формирање се усвоија принципите на работа, начинот на донесување одлуки, целите и правилникот на работа на мрежата. Заради подобра координација на мрежата, во 2012 година се формираше и нејзино Координативно тело со претставник на ЦРППР и две општини од регионот со мандат од две години. Покрај програмски, мрежата има и застапувачки карактер, како тело кое ги претставува сите културни актери од територијата. Со цел да се добие правен и политички легитимитет на одлуките и програмите донесени од страна на мрежата, тие ќе бидат проследени до општините и да се земат предвид при креирањето на локални програми и стратешки документи, а одлуките што се однесуваат на регионално ниво ќе бидат предложени и разгледувани на седниците на Советот за развој на Пелагонискиот регион. Со цел да се зајакне организационо-институционалната структура на мрежата, во следната фаза од нејзиниот развој, преку веќе споменатата работилница во 2013 година, се работеше на дефинирање и ширење на членството на мрежата, утврдување на интерсекторски работни групи за работа на конкретни активности и проекти и ново (редифинирано) Координативно тело кое ќе ги координира активностите и ќе спроведува дел од нив.

Исто така, се утврди дека мрежата ќе биде главното тело преку кое ќе се координира спроведувањето на Стратегијата.

Првата активност која во 2012 година беше спроведена од оваа тело беше регионалната културна манифестација „Регионални денови на културата", прва од ваков тип во Македонија. Со оваа манифестација се овозможи културна размена помеѓу општините (театарска претстава за деца, танцов ансамбл, хорско пеење на световна и духовна музика, дискусија, изложба итн.) што беше од исклучително значење за помалите општини и тамошната публика, во која недостасува и има потреба од поголема културна дисеминација и продукција.

Покрај понатамошниот развој на мрежата, како предизвик за иднина останува работата посветена на начинот на организација на културата и културниот развој на ниво на општина. Застарената систематизација и начин на функционирање на општинската администрација оневозможува соодветен развој на овој јавен домен. Оттаму, една од активностите кои ќе бидат спроведени во таа насока се развојот на локални културни политики. Веќе постои иницијатива за развој на локална културна политика на општина Битола.

# IV СТРАТЕГИЈА ЗА КУЛТУРЕН РАЗВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

Планирање на планските региони во Македонија, меѓу кои и во Пелагонискиот регион, е пристап кој се спроведува во различни дејности како економија, земјоделство, заштита на животната средина, образование итн. Овој пристап преку оваа стратегијата за културен развој се интегрира и во културната дејност во Пелагонискиот регион како концепт кој овозможува планско и континуирано поврзување и планирање наспроти ад хок решенија и непланиран развој на културата во општините.
Овој план не го вклучува само секторот култура, туку кореспондира и се поврзува со другите сектори, интегрирајќи го својот план во поширока регионална рамка и визијата на Пелагонискиот регион: „регион со брендирана автентичност, со висок квалитет на живеење, перспективна иднина на жителите, економски раст и одржлив развој по европски критериуми".

Во достигнувањето на таа визија, културата е еден од клучните елементи кој директно ќе придонесе за автентичноста, за квалитетот на живеење, а индиректно и за економскиот развој и перспективната иднина на жителите.

Поврзувањето во региони станува перспектива заради поголемата ефективност во резултатите, искористување на ресурсите, надминување на разликите и локалните диспаритети, рамномерност во напредокот преку поделба на ресурсите, кохезија на политиките и програмите кои ќе обезбедат подобри услови за живеење на населението.

Стратешкото планирање на културниот развој во Пелагонискиот регион беше иницијатива на културните актери од регионот и Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион.

Оваа стратегија во себе интегрира методологија на учество, преговори и донесување на одлуки од засегнатите страни, како и теорија. Принципите кои во себе ги содржи се проактивно учество на сите засегнати страни, иницијативност, лидерство и креативност, како и транспарентност и отвореност во работата и спроведувањето. Овие принципи го поддржуваат чувството на одговорност кон заедницата, солидарност, партнерство и сопственитшво.

Во процесот со кој се дојде до оваа стратегија засегнатите страни: ја идентификуваа состојба во која се наоѓаат (каде сме сега), потенцијалите со кои располагаат и потребите (што поседуваат и каде можат да бидат), што би сакале да постигнат (како

дотаму да дојдат), како и идентификување на потребата да ги мерат своите резултати од процесот (како да оценат до каде стигнале, односно дали го исполниле планираното/евалуација).

Стратегијата е резултат на континуираната соработка помеѓу Локомотива и Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион, со учество на општините од регионот и културниот (институционален и граѓански) сектор. Иницијативата за изработка на ваков документ беше предложена во 2010 година и прифатена од страна на Центарот, со цел да се вклучи во Програмата за развој на Пелагонискиот регион (2010-2015). Стратегијата е тригодишна со цел да се вклопи во Програмата за развој на регионот.

Таа не е опсежна, односно опфаќа помал дел на активностите, бидејќи сметаме дека ова е прв чекор, а нејзината надградба ќе следи доколку, односно кога ќе биде прифатена од Советот за развој на Пелагонискиот регион. Сметаме дека оваа стратегија е рефлексија на најургентните потреби и дека реално ги согледува и планира нивен развој.

Исто така, сметаме дека поопсежна стратегија во овој момент би била преголем и нереален чекор, бидејќи сè уште не се доволно изградени професионалните капацитети, а потребно е и создавање на партнерски релации со националните институции кои би и дале легитимитет. Тоа би допринело за развивање на условите во кои би се развила и имплементирала поопсежна стратегија. Но, исто така и затоа што не сакаме да останат формулирани цели на хартија кои реално нема да бидат имплементирани, туку напротив ќе бидат спроведени и ќе иницираат позитивни развојни промени.

Првиот чекор на здружување на силите, капацитетите, знаењето и идеите во заедница која ќе помогне во остварувањето на визијата, планот и негово спроведување е формирањето на Мрежата за културен развој на Пелагонискиот регион. Ова тело е клучно во мобилизација на ресурсите и понатамошно влијание на политичко ниво со цел континуирано и непречено спроведување на планот и остварување на целите. Мрежата претставува платформа за соработка, остварување на заедничките цели, градење на заеднички вредности, а стратегијата е алатка во развој на платформата и понатамошните заеднички цели за развој на културата во Пелагонискиот регион.

## 1. ВИЗИЈА И МИСИЈА

ВИЗИЈА
Пелагонискиот регион е европска културна и туристичка дестинација, каде културата е ресурс на знаење и иновација, кој придонесува за социјална интеграција и економски развој.

МИСИЈА
Регионално поврзување на културните чинители и жителите на заедниците заради промоција на културниот идентитет, наследството и туризмот во Пелагонискиот регион, преку искористување и јакнење на неговите капацитети и содржини.

## 2. ЦЕЛНИ ГРУПИ И КОРИСНИЦИ

ЦЕЛНИ ГРУПИ: Општините, културните институции, здруженијата на граѓани и слободните уметници кои живеат и работат на територијата на Пелагонија.

КОРИСНИЦИ: Општините, јавните институции (културни и образовни), здруженијата на граѓани и слободните уметници кои живеат и работат на територијата на Пелагонија, граѓаните од Пелагонија, Министерството за локална самоуправа, Министерството за култура, Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион.

## 3. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И АКЦИОНЕН ПЛАН

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1:
## Развој на професионални капацитети

**ОПИС НА СТРАТЕШКАТА ЦЕЛ:** Со оваа стратешка цел ќе се влијае на остварување на потребата за развој на професионалните капацитети (стратешко планирање, проектен менаџмент, вмрежување, културен туризам, меѓународна соработка) на вработените во општините одговорни за култура, културните работници од јавните културни институции и граѓанскиот сектор во Пелагонискиот регион.

**ПАРТНЕРИ:** Центар за Развој на Пелагонискиот плански регион од Битола, Локомотива - Центар за нови иницијативи во уметноста и културата, Регион Долна Нормандија и општините од Пелагонискиот регион

**ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ:** Регион Долна Нормандија, Министерство за култура на Република Македонија и ИПА програмата за прекугранична соработка

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1:** Развој на професионални капацитети

| Мерки | Очекувани ефекти /резултати | Индикатори | Временска рамка | Носители |
|---|---|---|---|---|
| :: работилници за стратешки менаџмент, проектен менаџмент, културен туризам, образование и култура, вмрежување<br><br>:: размена преку резиденцијален престој на уметници, кустоси, менаџери во регионот на Долна Нормандија и Пелагонија кои заедно со локалните институции ќе развиваат програми | :: динамичен и професионален културен сектор во Пелагонискиот регион<br><br>:: зголемени професионални капацитети кај претставниците на општините и културниот сектор од Пелагонискиот регион за културен менаџмент и водење и спроведување на проекти од културата<br><br>:: зголемена интернационална соработка во Пелагонискиот регион | :: меѓуопштински активности, соработка (реализација на „Регионални денови на култура" - размена на содржини меѓу најмалку 7 институции од различни општини и 2 копродукциски проекта)<br><br>:: назначување на лица за култура од општините кои ќе бидат постојани и активни членови на мрежата, одговорни за спроведување на одлуките на мрежата и стратешкиот план и програма<br><br>:: нови проекти иницирани од мрежата - еден проект за прекугранична соработка и еден меѓународен проект до 2016 година | :: **2013** година: работилница за вмрежување, едукативен и културен туризам<br><br>:: **2014** година: обука за проектен менаџмент на меѓународни проекти и за стратешко планирање на јавни институции<br><br>:: **2014-2016**: најмалку 3 резиденции во институциите во Долна Нормандија и/или во Пелагонискиот регион | :: Мрежа за културен развој на Пелагонискиот регион |

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2:
## Развој на локалните културни политики

**ОПИС НА СТРАТЕШКАТА ЦЕЛ:** Развој на методологија и пристап и изработка на локална културна стратегија на општина Битола поддржана од Мрежата за културен развој на Пелагонискиот регион, со цел да се развие модел и да се пренесе и мултиплицира искуството во останатите општините.

**ПАРТНЕРИ:** Центар за развој на Пелагонискиот плански регион од Битола, Локомотива - Центар за нови иницијативи во уметноста и културата и општините од Пелагонискиот регион

**ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ:** Општина Битола, Општина Ресен и Општина Крушево

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2:** Развој на локалните културни политики

| Мерки | Очекувани ефекти /резултати | Индикатори | Временска рамка | Носители |
|---|---|---|---|---|
| :: формирање на работна група од општина Битола задолжена за имплементација на методологија на истражување и приготвување на документ - културна политика. Групата ќе ги вклучува сите засегнати страни (претставници од општината, јавни институции, граѓански сектор и бизнис заедница)<br><br>:: вклучување на претставници од културните институции и независниот културен сектор во органите одговорни за култура во рамки на општините (комисија) при изготвување програми за развој на културата<br><br>:: реализирање на работилници кои ќе ги вклучат сите засегнати страни<br><br>:: интервјуа и фокус групи<br><br>:: анализа на резултати<br><br>::изработка на документ Локална стратегија за култура на Општина Битола, вклучително и акционен план<br><br>:: планирање и изработка на локална стратегија за другите | :: воведување на партиципативни модели на одлучување и креирање на јавни политики на локално ниво<br><br>:: креирање на нови програмски целини за развој на културата (истражувања, лаборатории, нови иницијативи итн.)<br><br>:: креирање на програми за воспоставување на јавно-граѓанско партнерство помеѓу јавните културни институции и независниот културен сектор (користење и одржување на простор и технички капацитети, работа на заеднички проекти и програми, развој на едукативни програми и публика)<br><br>:: транспарентност во програмирањето на културните содржини во општините<br><br>:: воспоставување на партнерство и долгорочна соработка помеѓу локалните власти, културните институции и граѓанските организации | :: спроведување на методологијата за креирање на стратегија на општина Битола со учество на сите засегнати страни<br><br>:: креирање на поединечни локални културни политики кои одговараат на културните потенцијали во средината и потребните на локалните културни актери (културна политика на општина Битола)<br><br>:: иницирање на процеси за градење на планови за културен развој во другите општини (Ресен, Крушево), потпишување на договори за соработка со мрежата и/или организации кои ќе го координираат процесот<br><br>:: иницирање на нови (најмалку 2 проекти до 2016 година) партнерски/копродукциски проекти помеѓу јавните културни институции и независниот сектор кои ќе овозможат подобра структурна и програмска одрживост како и креирање на нови иновативни културни и уметнички содржини | :: септември **2013** година: формирање на работна група<br><br>:: октомври **2013** година: работилница<br><br>:: октомври-декември **2013** година: интервјуа и фокус групи<br><br>:: декември **2013-** февруари **2014** година: анализа на резултати<br><br>:: февруари-септември **2014** година: изработка на документ Локална стратегија за култура на Општина Битола и акционен план<br><br>:: **2014 и 2015** година: планирање и изработка на локални стратегии за Ресен и Крушево | :: Општина Битола<br><br>:: Здружение на граѓани Младински културен центар – Битола<br><br>:: Општина Ресен<br><br>:: Општина Крушево |

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3:
## Вмрежување и развој на меѓуопштинска и интеррегионална соработка

**ОПИС НА СТРАТЕШКАТА ЦЕЛ:** Воспоставување на соработка која ќе поттикне рамномерен регионален развој преку културата, одржлива меѓуопштинска и интеррегионална соработка во доменот на културата и ќе ја зголеми видливоста на регионот и ќе овозможи интернационализација на културните содржини.

**ПАРТНЕРИ:** Јавните институции, здруженијата на граѓани, Центар за развој на Пелагонискиот плански регион од Битола, Локомотива - Центар за нови иницијативи во уметноста и културата, Регион Долна Нормандија и општините од Пелагонискиот регион

**ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ:** Министерство за култура, општините од регионот и меѓународните фондови

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3:** Вмрежување и развој на меѓуопштинска и интеррегионална соработка

| Мерки | Очекувани ефекти /резултати | Индикатори | Временска рамка | Носители |
|---|---|---|---|---|
| :: основање и континуирана работа на Мрежата за културен развој на Пелагонискиот регион<br><br>:: креирање на регионално координативно тело кое ќе ја менаџира работата на мрежата<br><br>:: креирање на програма и принципи на работа на мрежата<br><br>:: креирање на културен визуелен идентитет на Пелагонискиот регион<br><br>:: креирање и спроведување на план и програма за развој на „Регионални денови на културата" како годишна манифестација<br><br>:: креирање на регионален фонд за култура<br><br>:: развој на меѓуопштински и интеррегионални проекти поддржани од различни национални, локални и интернационални фондови | :: зајакната и континуирана меѓуопштинска соработка во културата<br><br>:: поголема уметничка мобилност и размена на културни содржини помеѓу општините<br><br>:: иницирање на интеррегионална соработка и проекти<br><br>:: зголемена културна и уметничка продукција во рамките на регионот<br><br>:: зголемена видливост на регионот во национални и меѓународни рамки | :: најмалку 7 соработки (размена на програми), 2 партнерства и проекти (копродукции) помеѓу општините, јавните институции и граѓанскиот сектор<br><br>:: зголемен број на партнерства на меѓународно ниво (1 меѓународен проект на мрежата)<br><br>:: зголемен број на посетители на настаните од локалните заедници за време на одржување на програмите на мрежата<br><br>:: поголема фреквенција на интернационални уметници, групи во регионот (еден резиденцијален престој годишно) | :: јули **2013** година: креирање на регионално координативно тело кое ќе ја менаџира работата на мрежата<br><br>:: **2013-2016** година: континуирана соработка на Мрежата за културен развој на Пелагонискиот регион<br><br>:: **2013** година: креирање на програма на работа на мрежата<br><br>:: октомври **2013** година: креирање на културен визуелен идентитет на Пелагонискиот регион<br><br>:: **2013** година: план и програма за развој на „Регионални денови на културата" како годишна манифестација<br><br>:: **2014-2016** година: континуирано одржување на годишна манифестација „Регионални денови на културата"<br><br>:: **2015** година: иницирање на регионален фонд за култура<br><br>:: **2013-2016** година: развој на меѓуопштински и интеррегионални проекти поддржани од различни национални, локални и интернационални фондови | :: Мрежа за културен развој на Пелагонискиот регион |

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4:
## Интерсекторска соработка и развој на културен туризам

**ОПИС НА СТРАТЕШКАТА ЦЕЛ:** Воспоставување на соработка помеѓу секторот за култура и туризам, со цел развој на програми за културен туризам каде ќе се вклучи заедницата и ќе се овозможи развој на занаетите и туризмот во регионот.

**ПАРТНЕРИ:** Туроператори, занаетчиските асоцијации, локалната заедница (објекти за сместување, ресторани), Центар за развој на Пелагонискиот плански регион, Локомотива - Центар за нови иницијативи во уметноста и културата, Регион Долна Нормандија, општините од Пелагонискиот регион, Платформа за развој на туризмот во Пелагонија

**ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ:** Општините, Министерство за култура и Регион Долна Нормандија

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4:** Интерсекторска соработка и развој на културен туризам

| Мерки | Очекувани ефекти /резултати | Индикатори | Временска рамка | Носители |
|---|---|---|---|---|
| :: развој на пилот-проект (програма за културен туризам) на Мрежата за културен развој на Пелагонискиот регион, за специфични територијални културно-туристички понуди: 1) Демирхисарски регион и Крушево (координатори: Арт Поинт Гумно и општина Крушево); 2) Могила, Новаци и Битола (координатори: општините Могила и Битола); 3) Преспа (координатори: општина Ресен и НУ Завод и Музеј Битола); 4) Кривогаштани, Долнени и Прилеп (координатори: општините Кривогаштани, Долнени и Прилеп)<br><br>:: имплементирање на програмите како специфичен производ - културна тура во регионот (пилот-проект на мрежата)<br><br>:: имплементирање на програмите за специфични целни групи - деца, дипломати итн.<br><br>:: поврзување на културните актери со локалните туристички агенции (соработка со бизнис секторот)<br><br>:: изработка на регионален календар на културни манифестации и програми и вклучување во туристичките понуди на локалните туристички агенции | :: вклучување на локалната заедница во реализација на програмите<br><br>:: зголемен број на туристи од земјата<br><br>:: зголемен број на странски туристи<br><br>:: едукација на публиката/туристите за културните богатства и содржини на регионот<br><br>:: развој на локалната економија и зголемување на приходите како резултат на порастот на посетата на културните настани од страна на локалната и интернационаланата публика | :: заинтересираност на минимум 3 туроператори и 2 туристички агенции за вклучување на програмата во своите понуди<br><br>:: зголемен број на туристички понуди/производи во Пелагонискиот регион со културни содржини како главен атрактивен и мотивациски фактор<br><br>:: поддршка на проектот/програмата од страна на Министерството за култура во програмот за развој на креативни индустрии и културен туризам<br><br>:: поддршка на програмата за културен туризам од страна на локалната заедница/потпишани договори за соработка | :: октомври **2013** година: развивање на меѓуопштинска соработка и специфични програми за културен туризам<br><br>:: мај **2014** година: имплементирање на програмите како специфичен продукт - културна тура во регионот (пилот-проект на мрежата)<br><br>:: септември **2014** година: имплементирање на програмите за специфични целни групи - деца, дипломати итн.<br><br>:: ноември **2014** - изработка на регионален календар достапен на интернет со ажурирани податоци | :: Мрежа за културен развој на Пелагонискиот регион |

# КОНСУЛТУРАНА И КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

## 1. Закони, правилници, одлуки, статути:


→ Закон за култура, „Службен весник на Република Македонија" бр. 31 од 2.7.1998 година, Пречистен текст од предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за култура, „Службен весник на Република Македонија" бр. 59 од 18.9.2003 година
→ Одлука за утврдување на мрежата на националните установи од областа на културата донесена од Министерството за култура во 2003 година (http://www.logincee.org/remote_libraryitem/5963?lang=mk)
→ Национална стратегија за развој на културата 2013-2017 година (http://www.kultura.gov.mk/index.php/odnosi-so-javnost/2011-03-04-10-39-07/883-nacionalna-strategija-za-razvoj)
→ Закон за локална самоуправа, „Службен весник на Република Македонија" бр. 52 од 1.11.1995 година, Закон за локална самоуправа, „Службен весник на Република Македонија" бр. 5 од 29.1.2002 година
→ Закон за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија, „Службен весник на Република Македонија" бр. 55 од 16.8.2004 година
→ Закон за финансирање на единиците на локална самоуправа, „Службен весник на Република Македонија" бр. 61 од 13.9.2004 година
→ Законот за меѓуопштинска соработка, „Службен весник на Република Македонија" бр. 79 од 24.6.2009 година
→ Устав на Република Македонија, „Службен весник на Република Македонија" бр. 52 од 22.11.1991 година
→ Закон за рамномерен регионален развој, „Службен весник на Република Македонија" бр. 63 од 22.5.2007 година
→ Стратегија за рамномерен регионален развој на Република Македонија 2009-2019, „Службен весник на Република Македонија" бр. 119 од 30.9.2009 година
→ Програма за спроведување на децентрализацијата и развој на локалната самоуправа во Република Македонија 2011-2014 година (http://mls.gov.mk/files.php?force&file=2012/brosuri/Programa za decentralizacija MK.pdf )
→ Статути на општините од Пелагонискиот регион (Битола, Прилеп, Ресен, Крушево, Кривогаштани, Демир Хисар, Могила, Долнени, Новаци)
→ Охридски Рамковен Договор (http://mls.gov.mk/index.php?news=450)


## 2. Текстови, анализи за децентрализацијата и регионалниот развој во Република Македонија:


→ Александар Љ. Спасов, Децентрализацијата во Македонија (рамномерен регионален развој и локален економски развој) состојби и перспективи, ноември 2009, Прогрес - Институт за социјална демократија (http://www.progres.org.mk/fes%20pp%20decentralizacija%20spasov.pdf)
→ д-р Бранко Василевиќ, Регионалниот развој - процес на збиднувања кои влијаат врз структурните промени во општеството, Порта 3 (http://www.porta3.com.mk/index.php?option=com_content&task=view&id=976&Itemid=85)
→ Компаративна анализа за перформансите на општините во Република Македонија во областите образование, урбанизам и фискалната децентрализација за периодот 2008-2009, ноември 2010, Скопје, Извештај подготвен во рамки на проектот „Мониторинг на спроведувањето на децентрализацијата во Република Македонија 2008-2009", финансиран од Фондацијата Институт отворено општество - Македонија (ФИООМ) и реализиран од Центарот за развој на локалната демократија (ЦРЛД) (http://www.soros.org.mk/dokumenti/21-12-2010-KOMPARATIVNA-ANALIZA.pdf)
→ Процени на населението на 30.6.2011 и 31.12.2011 според полот и возраста по општини и по статистички региони (НТЕС 3 - 2007 година), Република Македонија, Државен завод за статистика, Скопје, јули 2012 година (http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.12.08.pdf)


## 3. Веб-страници:


→ Министерство за култура на Република Македонија, http://www.kultura.gov.mk/
→ Министерство за локална самоуправа на Република Македонија, http://www.mls.gov.mk/
→ Влада на Република Македонија, http://vlada.mk/ministerstva, http://vlada.mk/programa/decentralizacija-i-regionalen-razvoj
→ Портал за децентрализирана соработка меѓу Долна Нормандија и Македонија, http://crbn-mk.courriers.info/decentralizacij-ata-vo-makedonij-a
→ Центар за развој на Пелагонискиот плански регион, http://pelagonijaregion.mk/portal/
→ Општина Битола, http://www.bitola.gov.mk/
→ Општина Прилеп, http://www.prilep.gov.mk/
→ Општина Ресен, www.resen.gov.mk/
→ Општина Крушево, http://www.krusevo.gov.mk/
→ Општина Демир Хисар, http://www.demirhisar.gov.mk/
→ Општина Долнени, http://www.opstinadolneni.gov.mk/
→ Општина Новаци, http://opstinanovaci.gov.mk/
→ Општина Могила, http://mogila.gov.mk/

# ИЗРАБОТКА И ПРОДУКЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА

| | |
|---|---|
| Истражувачки тим: | Биљана Тануровска-Ќулавковски, Виолета Качакова, Рубин Николовски, Евгенија Бекташ Јосифовска, Ирена Андреевска, Борче Димитровски, Јован Ристовски |
| Анализа на резултати од истражувањата и изработка на стратегијата: | Биљана Тануровска-Ќулавковски и Виолета Качакова |
| Изработка на дел од текстовите во стратегијата: | Рубин Николовски („Општи податоци за Пелагонискиот регион“, „Краток историски осврт на културата на Пелагонискиот регион“ и „Статистички податоци од областа на културата во Пелагонискиот регион“) |
| Уредување: | Биљана Тануровска-Ќулавковски и Виолета Качакова |
| Експертски консултации: | Иван Додовски |
| Читање и коментари, ревидирање на стратегијата: | Координативно тело на Мрежата за културен развој на Пелагонискиот регион во 2013 година (Тодор Ивановски, Гордана Лозановска Стефановска, Рубин Николоски и Љупчо Крстевски) |
| Дизајн и подготовка за печатење: | Јана Ацевска |
| Лектура на македонски јазик: | Надица Стамболџиоска |
| Превод на француски јазик: | Даниела Колеска |
| Лектура на француски јазик: | Ен Лемоан |
| Печатење: | Про Поинт |
| Издавач: | Локомотива - Центар за нови инцијативи во уметноста и културата<br>Ѓуро Ѓаковиќ, 39/3, 1000 Скопје<br>e-mail: contact@lokomotiva.org.mk |

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

351.85.071.2(497.774/777)"2013/16"

СТРАТЕГИЈА за културен развој на Пелагонискиот плански регион : 2013-2016 / [истражувачки тим Биљана Тануровска-Ќулавковска ... [и др.] ; уредување Биљана Тануровска-Ќулавковска и Виолета Качакова ; превод на француски јазик Даниела Колеска]. - Скопје : Локомотива - Центар за нови иницијативи во уметноста, 2013 (Скопје : Про Поинт). - 70, 70 стр. : илустр. ; 22 см

Насл. стр. на припечатениот текст: Stratégie de développement culturel de la région de planification de Pélagonie : 2013-2016. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и фра. јазик. - Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 37

ISBN 978-608-65194-2-1
а) Пелагониски регион – Културен развој – Стратегија – 2013-2016

COBISS.MK-ID 94557194